Прилог 1 - Образец за Извештај од самоевалуација

До
Одбор за евалуација
Агенција за квалитет во високото образование
Кеј Димитар Влахов 4,
II-Кат Стара Комерцијална Банка
1000 Скопје

# ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА

| Податоци за високообразовната установа | |
|---|---|
| **Назив** | ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА – СКОПЈЕ |
| **Седиште** | Скопје, „Григор Прличев“ бр. 5; П. Фах 455 |
| **Контакт информации** | тел. 02/3220-309; maclit@iml.edu.mk |
| **Овластено лице на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | проф. д-р Наташа Аврамовска, директор<br>+389 2 3225-425; +389 2 3220 309; +389 75 298 562<br>n.avramovska@iml.ukim.edu.mk |
| **Координатор за надворешна евалуација на установата (име и презиме, службени контакт информации)** | |
| **Основ за надворешната евалуација** | ☐ Годишен план<br>☐ Барање на високообразовната установа<br>☐ Барање на Националниот Совет за високо образование и научно-истражувачка дејност<br>☐ Барање на министерот надлежен за високото образование |
| **Период за кој се однесува извештајот** | 2020 – 2023 година |
| **Одлука за формирање на стручната комисија (број на одлука и датум)** | Одлука за формирање Комисија за самоевалуација на Институтот за македонска литература – Скопје бр. 02-179/15 од 15.11.2023 |
| **Дали беше поднесен приговор на составот на стручната комисија за надворешна евалуација?** | ДА/НЕ |

Скопје,____2024

**Директор**

-----------------------------------

**проф. д-р Наташа Аврамовска**

## Упатство за пополнување

Сите делови од Извештајот треба да бидат пополнети точно и во овој образец. Установата ги пополнува содржините означени во бела боја во долунаведените табели. За точноста на информациите одговорност сноси одговорното лице на установата.

Извештајот се доставува **на англиски јазик.** Установата може да поднесе и дополнителна верзија на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

За пополнување на пријавата се користи фонт Arial Narrow, големина 10, без закосување (italic) или подвлекување (underline), со единичен (single) проред.

Објаснувањето за исполнетоста на индикаторите за стандардите за квалитет **не треба да биде подолго од една страница** по индикатор во овој образец.

За сите индикатори се прикажуваат информации, акти и други релевантни информации за последните **пет години.** Во стандардите 2, 3, 5 и 6 се оценува исполнетоста на индикаторите **за секоја студиска програма** акредитирана на високообразовната установа.

Извештајот и документацијата се доставуваат во електронска форма и во печатена форма во 2 примероци. **За доставувањето во електронска форма, корисно е сите пропратни документи да бидат зачувани во еден фолдер и поврзани со линкови со овој образец. Прилозите односно документацијата за секој индикатор во овој извештај се поврзуваат со линк до конкретниот документ (Word, PDF и сл.). Фолдерот со документите и овој извештај се доставува до Одборот за евалуација.** *Пример за објаснување на исполнетост на индикатор и линкови до прилози е наведен на крајот на овој образец (Пример 2).*

Именувањето на документите се врши на следниов начин: Прилог_број на индикатор_објаснување на документот (на пример, Прилог 1.2. Прашалник од спроведени евалуации).

Доколку за еден индикатор се прикачуваат повеќе документи, се применува истото правило со додавање на буква по абецеден редослед за секој дополнителен документ (на пример, Прилог. 1.2.А. Прашалник од спроведени евалуации). Именувањето се користи и во имињата на документите во фолдерот и на прилозите/линковите наведени во овој документ.

При доставувањето на прилозите, установата истите ги зачувува во формат кој овозможува **едноставно користење на опциите за пребарување**. По исклучок, во прилозите може да се доставуваат и скенирани документи само доколку истото е неопходно.

По потреба, покрај доставената документација, исполнетоста на наведените индикатори се проверува за време на посетата на високообразовната установа.

Изјавата за точност и вистинитост на податоците прикажани во Извештајот од самоевалуација се заверува на нотар (пример 1).

# 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

| ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ<br>(ги пополнува високообразовната установа) | |
|---|---|
| Назив на високообразовната установа | ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА – СКОПЈЕ |
| Седиште | Скопје, „Григор Прличев“ бр. 5; П. Фах 455 |
| Веб страница | https://iml.edu.mk/ |
| Мисија и визија на установата | **Мисија**<br>• Утврдување на научноистражувачки приоритети, сестрано проучување и афирмација на науката за книжевноста и културолошките студии, на македонската литература и култура кај нас и во светот;<br>• Непречена реализација на научноистражувачки проекти и примена на најновите научни сознанија;<br>• Континуирано унапредување на квалитетот на студиските програми за втор и трет циклус кои ќе ги подготват студентите за постојан професионален развој;<br>• Научно и стручно оспособување и усовршување на сопствените научни кадри и подготовка на млади кадри за научна работа, учество на релевантни меѓународни научни собири со цел презентација на научноистражувачките резултати;<br>• Објавување на периодични списанија, зборници од конференции и монографски студии за да се овозможи увид во резултатите од научните истражувања;<br>• Соработка со сродни научни и високообразовни установи во земјата и странство;<br>• Влијание и соработка со јавноста.<br><br>**Визија**<br>• Високо респектирана научноистражувачка институција со позитивно евалуирани национални и меѓународни научноистражувачки проекти;<br>• Научно препознатлива во европскиот простор на знаење по презентацијата на истражувачките резултати, по своите три меѓународни научни списанија (различно профилирани: македонистичко, културолошко и славистичко), зборници, научни книги и по атрактивните магистерски и докторски студии;<br>• Афирмативна од аспект на истражувањата на културниот идентитет /културните идентитети во рамките на кои се истражува и презентира посебноста на македонскиот културен идентитет и неговата литература (како посебен културен стожер на знаењето и меморијата).<br>• Поврзана со меѓународната академска заедница преку постојано проширување и јакнење на меѓународната соработка;<br>• Стабилна со обезбеден континуитет во научните истражувања по пат на непречено вработување и оспособување на млади истражувачки кадри. |
| Вид на високообразовна установа (јавна, приватно-јавна непрофитна установа и приватна | **Јавна научна установа** |

<table>
<tr><td>непрофитна установа)</td><td></td></tr>
<tr><td>Податоци за последната акредитација на установата и студиските програми на прв, втор и трет циклус на студии</td><td>Акредитација на Институтот за македонска литература:<br><br>Студиски програми на прв циклус на студии: /<br><br>Студиски програми на втор циклус на студии<br>▪ едногодишни студии, студиска програма Културолошки студии (во книжевноста) - Решение од Одборот за акредитација на високото образование бр. 08-92/6 од 14.9.2023; Решение од МОН за почеток со работа УП1 бр.-08-1260/4 од 10.10.2023<br><br>▪ двегодишни студии, студиска програма Културолошки студии (во книжевноста) - Решение од Одборот за акредитација на високото образование бр. 08-91/6 од 14.9.2023; Решение од МОН за почеток со работа УП1 бр.-08-1295/4 од 17.10.2023<br><br>Студиски програми на трет циклус на студии:<br>▪ студиска програма Културолошки студии - Решение од Одборот за акредитација Бр. 08-403/6 од 28.10.2021; Решение од МОН за почеток со работа Бр. 40-11507/1 од 16 ноември 2021<br>▪ студиска програма Македонистика - македонска книжевност и култура – Решение од Одборот за акредитација на високото образование бр. 08-17/6 од 22.5.2024.<br>Линк до Решенијата</td></tr>
<tr><td>Број на вработени лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност</td><td>20<br>- 11 научни советници / редовни професори<br>- 2 виши научни соработници / вонредни професори<br>- 3 научни соработници / доценти<br>- 4 соработници истражувачи / асистенти докторанди</td></tr>
<tr><td>Број на студенти, по циклус на студии, период 2020-2023</td><td>
<table>
<tr><td>Учебна година</td><td>Запишани студенти втор циклус</td><td>Запишани студенти трет циклус</td></tr>
<tr><td>2020/21</td><td>1</td><td>3</td></tr>
<tr><td>2021/22</td><td>3</td><td>3</td></tr>
<tr><td>2022/23</td><td>2</td><td>1</td></tr>
<tr><td>2023/24</td><td>1</td><td>4</td></tr>
</table>
</td></tr>
<tr><td>Објаснете го накратко развојот на вашата установа (не подолго од 1 страница)</td><td>Институтот за македонска литература (ИМЛ) е формиран во 1981 година како научна единица во рамките на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје со цел да се овозможи планско, долгорочно и систематско проучување, следење и толкување на литературното творештво и наследство во Македонија и подготовка на млади кадри за научна работа.<br>Во 1998 година, со Одлука на Владата на Р Македонија, ИМЛ прераснува во самостојна јавна научна установа со научноистражувачка дејност во областа на историјата и теоријата на македонската литература и култура, современите книжевни и културни процеси и нивните врски и влијанија со другите литератури</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | и култури. Дејноста на ИМЛ во Скопје се остварува во согласност со Законот за научно-истражувачката дејност, според кој дејноста на јавните научни установи е од висок стратешки и национален интерес за РС Македонија, затоа што опфаќа научни истражувања од областа на историскиот и културниот идентитет на македонскиот народ и припадниците на заедниците, кои живеат во РС Македонија.<br>Со Програмата за работа и развој на ИМЛ (од 1998) се конципирани и со првиот Статут на установата (од 1999) се формирани 8 одделенија:<br>• Одделение за средновековна македонска литература;<br>• Одделение за македонска народна литература;<br>• Одделение за македонска литература во XIX век;<br>• Одделение за македонска литература во XX век;<br>• Одделение за македонско-балкански книжевноисториски врски;<br>• Одделение за литературите на припадниците на заедниците во Македонија;<br>• Одделение за теорија на литературата и компаративна книжевност;<br>• Одделение за библиографија, документација, библиотека и информатика.<br>ИМЛ од 1999 година, својата дејност ја остварува како придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>ИМЛ има развиено плодна издавачка дејност и досега се објавени бројни авторски изданија, зборници од одржани меѓународни научни конференции и научни собири во организација на Институтот, како и повеќе броеви од трите научни списанија со меѓународни уредувачки одбори:<br>• *Спектар* (од 1983 со објавени 82 броја) https://spektar.edu.mk/sp/<br>• *Context / Контекст* (од 1995 со објавени 28 броја) https://iml.edu.mk/context-контекст/<br>• *Philological Studies / Филолошки студии* (од 2002 со 21 број во два тома) https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies<br><br>Почнувајќи од 2008 година, ИМЛ врши високообразовна дејност на студии од втор циклус, а од 2011 година и на третиот циклус студии.<br>Во 2021 година се одбележаа 40 години од основањето на ИМЛ. |
| Кои се вашите клучни институционални капацитети? (не подолго од 1 страница) | Клучните институционални капацитети на Институтот за македонска литература се:<br>• наставно-научен кадар, кој во континуитет се оспособува за научна и наставна работа и се унапредува во согласност со законите за НиД и ВО;<br>• реализирани бројни научноистражувачки проекти и проекти од областа на културата; Линк до завршени проекти<br>• соработка со ресорните министерства – Министерството за образование и наука и Министерството за култура;<br>• соработка со бројни институции во земјата: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје – Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, националните научни институти и сродните високообразовни установи при УКИМ, со Македонската академија на науките и уметностите, , НУБ „Св. Климент Охридски“, Друштвото на |

| | |
|---|---|
| | писателите на Македонија, Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература, Фондацијата Ѓорѓе Марјановиќ, ГБ „Браќа Миладиновци“ итн.; Линк за соработка во земјата<br>• обемната издавачка дејност (три различно профилирани научни списанија, зборници и монографски публикации) https://iml.edu.mk/ - Изданија.<br>• меѓународна соработка со сродни високообразовни установи во странство (Хрватска, Србија, Словенија, Словачка, Турција, Бугарија, Унгарија и др.) Линк за меѓународна соработка;<br>• информираност на јавноста за сите значајни настани;<br>• опременост на установата со научна литература и со информатичка опрема;<br>• солидни услови за научна работа, како и поволна местоположба на објектот во кој сме сместени заедно со ИМЈ „Крсте Мисирков“ и близината до сродни институции (УКИМ, МАНУ, НУБ, ИНИ итн.). |
| Во кои области/прашања/стандарди/индикатори вашата установа постигна најголем напредок во последните пет години? (не подолго од 1 страница) | Во периодот 2020-2023 година, како и низ четиридецениското работење, следејќи ги националните интереси и современите достигнувања на полето на науката за книжевноста и културолошките студии, ИМЛ бележи најголем напредок во оспособувањето на кадровскиот потенцијал, реализацијата на современи студиски програми за магистерски и докторски студии, развојот на издавачката дејност, како и организирањето значајни научни собири и воспоставувањето меѓународна соработка со сродни научни и високообразовни центри во регионот и пошироко. |
| Кои се вашите најголеми предизвици и недостатоци? (не подолго од 1 страница) | Најголеми предизвици за следниот период се: објавување научни трудови во референтни меѓународни списанија, поттикнување интерес за запишување на студенти на студиските програми на вториот и третиот циклус и со тоа поттикнување поголем интерес за македонската книжевност и култура и за стекнување научен степен во овие хуманистички научни области, продолжување со објавување на научните списанија на Институтот, како и на зборници од одржани научни собири и авторски изданија, одржување научни собири и конференции со цел презентирање на најновите научни истражувања на научниот кадар, развивање меѓународна соработка со македонистичките центри, како и Еразмус+ договорна соработка со сродни универзитетски центри во регионот и пошироко.<br><br>Како недостатоци во досегашното работење се забележани<br>• отсуство на финансиска поддршка од МОН за научноистражувачка работа на проекти – во последната деценија од работа на ИМЛ, поточно во периодот 2011 – 2021 година не се финансирани национални научноистражувачки проекти. Оваа состојба се менува во ноември 2021 година со распишувањето Конкурс на МОН и започнувањето со финансирање на националниот научноистражувачки проект **Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)** (ноември 2021 – октомври 2023). По завршувањето на овој проект, до денес (јули 2024) сè уште не е распишан Конкурс за нов проект. |

| | |
|---|---|
| | Во периодот 2020-2023 истражувачкиот потенцијал на ИМЛ се развива преку работа на проекти финансирани од Министерството за култура и Градот Скопје.<br>- отсуство на финансирање од МОН на издавачката дејност (научни книги, списанија и зборници на научни трудови);<br>- отсуство на запишани студенти на студиската програма Македонистика – македонска книжевност и култура (трет циклус) и покрај тоа што македонистичкото проследување на литературата е примарна истражувачка дејност на ИМЛ. Проследувањето е во сите книжевно-историски периоди на нејзиниот развој. |

## 2. СТАНДАРДИ И ИНДИКАТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ

## Стандард 1

| СТАНДАРД 1: ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ПОЛИТИКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 1.1. Установата има политика за обезбедување на квалитет која е објавена и јавно достапна. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирана политиката на квалитет;<br>Линк до објава на веб страна. |
| Институтот за македонска литература ја почитува воспоставената политика за квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.<br>За спроведување на политиката за квалитет се донесени повеќе акти, кои се јавно достапно на веб-страницата на УКИМ.<br>Институтот иницира и презема активности во согласност со двата програмски документи - Стратегискиот и Акциониот план на УКИМ за периодот 2024-2029 во стратегиските области: 1) настава и студенти, 2) наука, иновации и уметности, 3) меѓународна соработка, 4) финансии и развој, 5) општествена улога и позиција, 6) дигитализација, 7) финансиска, кадровска и функционална автономија, 8) поддршка и развој на административниот кадар.<br>Овој Извештај за самоевалуација на ИМЛ го изработуваме според насоките во Водичот за обезбедување квалитет на УКИМ (април 2024). | Политика за квалитет на УКИМ<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti/Politika_za_kvalitet.pdf<br>Правилник за обезбедување на квалитет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (февруари 2024)<br>Стратегиски план на УКИМ (2024 – 2029)<br>https://ukim.edu.mk/dokumenti_m/Strategija_i_AP/Strategija_na_UKIM_2024-2029_MK.pdf<br>Акционен план на УКИМ (2024 – 2029)<br>https://ukim.edu.mk/dokumenti_m/Strategija_i_AP/Akcionen_plan_na_UKIM_2024-2029_MK.pdf<br>Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на УКИМ и неговите единици (февруари 2024)<br>Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот (април, 2013)<br>https://ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/SE-upatstvo.pdf |
| **Прилози** | |
| 1.2. Установата има ефикасен и логичен систем за обезбедување на квалитет на образованието. Таа користи различни алатки за оценка и унапредување на квалитетот на образованието и редовно спроведува | Информација за алатките кои се користат за оцена и унапредување на квалитетот на високото образование (период на оцена, пристап итн.); |

| | |
|---|---|
| евалуација која ги опфаќа предметите, наставниот кадар, работата на помошните/студентски служби и општото ниво на задоволство во текот на студиите. Активностите се спроведуваат врз база на утврден календар на активности. | Прашалник од сите спроведени самоевалуации или друга алатка која се користи за самоевалуација;<br>Годишен календар на активности поврзани со обезбедувањето на квалитет. |

За проценка на квалитетот на својата високообразовна дејност на вториот и третиот циклус студии, Институтот врши самоевалуација, која ја спроведува комисија за самоевалуација. Самоевалуацијата се врши во согласност со актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, кои ја регулираат политиката на квалитет и се наведени во точка 1.1. Фреквенцијата на самоевалуациониот процес е на три години. Во рамките на овој процес, за следење и подобрување на квалитетот на наставата се спроведуваат периодични анонимни анкети. Цел на овие анкети е собирање на мислења и ставови за квалитетот на наставниот процес и преземање корективни мерки. При тоа се евалуираат предметите и предавачите, односно квалитетот на наставната работа, квалитетот и актуелноста на наставните содржини, интеракцијата меѓу студентите и наставниот кадар, примената на современите помагала во наставата и сл.

**Учебни 2020/21, 2021/22, 2022/23**
**Втор циклус**
За учебните години во периодот 2020-2023 година, студентите на вториот циклус пополнуваа анкетен прашалник, утврден од УКИМ со Упатството за самоевалуација (од 2013). Прашалникот се пополнуваше по завршувањето на испитот по секој од предметите, кои се следеле во конкретниот семестар.
Модел на студентска анкета https://ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/SE-upatstvo.pdf
Годишни календари на активности
https://www.ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=95&glavno=40

**Трет циклус**
Студентите задолжително на крајот на вториот, четвртиот и шестиот семестар пополнуваат студентска анкета за функционирањето на студиската програма. Анкетата за вториот семестар се спроведува со користење на образецот 028 – СА2 – Образец за студентска анкета во втор семестар
Анкетата за четвртиот, односно шестиот семестар се спроведува со користење на образецот 029 – СА6 – Образец за студентска анкета во четврти и шести семестар
Годишен календар на активности
https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/Akademski_kalendar_na_Shkola_za_doktorski_studii_2023-2024.pdf

**Учебна 2023-2024**
За летниот семестар од учебната 2023/24 година се користеа новите обрасци на анкетни прашалници, утврдени од Советот за квалитет на УКИМ од 2024 година: 1) за квалитетот на наставата по секој од застапените предмети; 2) за условите на студирање.
Новина претставува пополнувањето на уште два анкетни прашалници, односно изјаснувањето на наставно-научниот кадар за квалитетот на условите за работа, како и на административниот кадар за квалитетот на општите услови за работа преку веб-страницата https://anketi.ukim.mk/

Прилог 1.2. Прилог обрасци за анкети (за студентите, за наставно-научен кадар, за административниот кадар)

| | |
|---|---|
| 1.3. Управата на установата е посветена на развојот и унапредување на квалитетот на образованието. Постои култура на координација и соработка помеѓу засегнатите страни во процесот. Установата поттикнува и обезбедува вклученост на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Примери на вклучување на студентите, работодавците и други релевантни институции/организации во процесот на обезбедување на квалитет. |
| За развојот и унапредувањето на квалитетот на наставата, речиси секојдневно се преземаат низа активности во кои се вклучени сите засегнати страни: студентите, наставниот кадар и административниот кадар. Меѓу нив ги потенцираме следниве:<br>- Постојана достапност за студентите;<br>- Отвореност за соработка и нови идеи; | Правилник за поблиските критериуми и надлежноста на одборите за соработка и доверба со јавноста (Службен весник на Република Македонија бр. 148/13)<br>Линк до Правилникот стр. 116 |

| | |
|---|---|
| - Имплементирање на предлози за подобрување на наставниот процес и условите за студирање;<br>- Вклученост на сите засегнати страни во постапката за акредитација на студиски програми.<br>- Видливост на објавените научни трудови на наставниот кадар www.iml.edu.mk, www.spektar.edu.mk, https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies, https://e-biblioteka.mk/, CEEOL (Central and Eastern European Online Library, https://www.ceeol.com/, Central & Eastern European Academic Source (CEEAS) на EBSCO https://www.ebsco.com/m/ee/Marketing/titleLists/e5h-coverage.htm<br>- Видливост на активностите и настаните на ИМЛ во јавноста (www.iml.edu.mk и редовно доставување информации до печатените и електронските медиуми).<br><br>Конкретни примери за вклученост на студентите и други релевантни институции/организации во процесот:<br>• Вклучување на студенти во Комисијата за самоевалуација;<br>• Вклучување на студент од третиот циклус во Советот за квалитет на ИМЛ;<br>• Вклучување на претставник од редот на студентите во Одборот за соработка и доверба со јавност, во кој покрај двајца претставници од ИМЛ, има по еден претставник од Министерството за образование и наука, од општина Центар и од Друштвото на писателите на Македонија. Овој одбор, во согласност со Законот за високото образование дава мислење за акредитација на студиските програми. | Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавност за студиската програма Културолошки студии (во книжевноста), втор циклус – едногодишни и двегодишни студии, содржано во Елаборатот за студиската програма 38 стр.<br>https://iml.edu.mk/документи/<br><br>Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавност за студиската програма Културолошки студии, трет циклус – содржано во Елаборатот за студиската програма 45 стр.<br>https://iml.edu.mk/документи/<br><br>Мислење од Одборот за соработка и доверба со јавност за студиската програма Македонистика -македонска книжевност и култура, трет циклус, содржано во Елаборатот за студиската програма<br>https://iml.edu.mk/документи/ |
| | |
| 1.4. Во рамките на установата функционира посебно тело надлежно за развој и имплементација на политиката за обезбедување квалитет. | Акт за формирање на телото;<br>Извештаи од неговата работа или записници од одржаните седници. |
| Во рамките на ИМЛ функционираат две тела за спроведување на политиката за квалитет.<br>• Комисија за самоевалуација – го спроведува процесот на самоевалуација и подготвува Извештај;<br>• Совет за квалитет на Институтот за македонска литература - по доставениот Извештај од Комисијата за самоевалуација, предлага Годишен акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и за унапредување на квалитетот на дејноста на ИМЛ. | |
| Прилог бр.1.4.А Одлука за формирање Комисија за самоевалуација (бр. 02-179/15 од 15.11.2023)<br>Прилог бр.1.4.Б Одлука за формирање Советот за квалитет на ИМЛ (бр. 02-108/1 од 17.5.2024) | |
| 1.5. Установата редовно ги анализира информациите кои произлегуваат од системот за обезбедување на квалитет вклучувајќи ги и статистичките информации и презема мерки за подобрување на студиските програми врз основа на тие информации. Извештајот од самоевалуација е објавен на веб страната на установата. | Извештај од самоевалуациите спроведени во последните пет години;<br>Акциски план или друг релевантен документ за имплементација на заклучоците и/или препораките од самоевалуациите;<br>Линк до извештаи од евалуациите спроведени во последните пет години. |
| Последната спроведена самоевалуација со цел обезбедување и оценување на квалитетот на установата е од февруари 2021 година и опфаќа четири учебни години (2016/17 2017/18, 2018/19 и 2019/20). Последниот Извештај за самоевалуација врз основа на објективна проценка имаше за основна цел да се подобри квалитетот на научноистражувачката и наставната дејност на ИМЛ. Покажувајќи ги | Извештај за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (2017 – 2019)<br>http://iml.edu.mk/wp-content/uploads/2021/03/Izvestaj_za_samoeva |

| | |
|---|---|
| позитивните страни и присутните недостатоци се утврдија следниве предлози за подобрување во форма на корективни мерки за подобрување на квалитетот:<br>• создавање услови за работа на научноистражувачки проекти;<br>• создавање претпоставки и изградување механизми за организирано вработување млади научни кадри кои имаат афинитети за истражувања;<br>• создавање можности за стручно и научно усовршување во земјата и во странство;<br>• стимулирање на учеството на визитинг-професори во реализирањето на наставата;<br>• учество на наши еминентни кадри во универзитетските средини во Европа и во светот;<br>• поттикнување упис на студенти од земјата и од странски средини.<br><br>Извештаите за самоевалуација се објавуваат на веб-страницата на Институтот https://iml.edu.mk/документи/ | luacija_2021_web.pdf<br><br>Стратегиски план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2024-2029 година<br><br>Акционен план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2019-2023 година |
| **Прилози** | |
| 1.6. Обезбедувањето на квалитетот во установата претставува континуиран процес кој не завршува со извештајот од надворешната евалуација или со натамошното следење на установата. Препораките од претходната надворешна евалуација се имплементирани. Напредокот постигнат од последната надворешна евалуација е јасно демонстриран.[1] | Извештај од надворешна евалуација од претходниот период;<br>Акциски план;<br>Извештај за преземени мерки и активности за имплементација на Акцискиот план. |
| Извештај за надворешна евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје од Европската асоцијација на универзитети (ЕАУ), ноември 2017<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/samo_ev/NE-2018-UKIM-EN.pdf<br><br>Акционен план на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за периодот 2019-2023 година | |
| **Прилози** | |

## Стандард 2

| СТАНДАРД 2: КРЕИРАЊЕ, ОДОБРУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕ НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 2.1. Установата има донесен/и акт/и или правила со кој се уредува постапката за изработка и одобрување на студиските програми за прв, втор и трет циклус на студии (доколку е применливо). | Акт во кој е регулирано прашањето; |
| Институтот за македонска литература, студиските програми ги изработува во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за содржината на студиските програми (донесен од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност), како и правилниците на УКИМ. | Правилникот за содржината на студиските програми („Сл. весник на РС Македонија“ бр. 79/2023) стр. 6-24<br>file:///C:/User/Downloads/SLU@BEN%20VESNIK%20NA%20RSM%20br.%2079%20od%2012.04.2023.pdf |

1 Овој индикатор ќе биде предмет на оценка по завршувањето на првата надворешна евалуација односно при следната надворешна евалуација на установата.

| | |
|---|---|
| | Актите на Агенцијата за квалитет во високото образование (АКВО)<br>Упатство за пополнување на Елаборат за акредитација на студиска програма од трет циклус<br><br>Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи<br>и за вршење високообразовна дејност<br>Линк до Правилникот<br><br>Правилник за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус (додипломски) студии и **втор циклус** (постдипломски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник бр. 417/2019)<br><br>Правилник за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на **трет циклус академски студии - докторски студии** на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 530/2020) |
| **Прилози** | |
| 2.2. Содржината на студиските програми кои се изведуваат во установата е добро осмислена и опишана. Таа е релевантна за целта на програмата и постигнување на резултатите од учењето. Целите на предметите се дефинирани и усогласени со исходот на образовниот процес (learning outcome). Студиските програми се изработени во насока на непречен развој на студентот и овозможуваат студентите да се стекнат со академско знаење и вештини, вклучително и такви кои може да бидат преносливи, што значи дека може да влијаат врз нивниот личен развој и може да бидат применети во развојот на нивните идни професии. | Студиска програма (се доставуваат сите студиски програми акредитирани на прв, втор и трет циклус, доколку е применливо и кои се изведувале во последните пет години);<br>Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми и сите предмети;<br>Опис на утврдените исходи на образовниот процес за сите студиски програми;<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Студиските програми се осмислени во согласност со актите на УКИМ.<br>За секој од предметите, на соодветниот формулар, се опишани содржината и целите на предметот, со основна и дополнителна литература. Овие податоци се застапени и на веб-страницата на Институтот.<br>Основните цели на студиските програми се стекнување со знаења и нивна примена во професионалниот и личниот развој на дипломираните студенти, како и трансфер на знаењата во нивните работни средини.<br><br>Во периодот 2020 – 2023 година се активни двете студиски програми на вториот циклус студии - едногодишни и двегодишни **Културолошки студии (во книжевноста)** (се реализира од учебната 2008/09) и студиската програма **Културолошки студии** на трет циклус (се реализира од учебната 2011/12).<br>ИМЛ од учебната 2012 година има акредитација и за студиската програма Македонистика –македонска книжевност и култура на третиот циклус студии, во кој покрај ИМЛ носител е и Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во | https://iml.edu.mk/задолжителни-предмети/<br>https://iml.edu.mk/изборни-предмети-ii-циклус/<br>https://iml.edu.mk/изборни предмети-од-iii-циклус/<br><br>Дескриптори на квалификацијата за втор циклус<br>https://iml.edu.mk/дескриптори-на-квалификацијата-за-вт/<br><br>Дескриптори на квалификацијата за трет циклус<br>https://iml.edu.mk/дескриптори-на-квалификацијата-за-тр/ |

| | |
|---|---|
| Скопје. Досега на оваа програма не се запишани студенти.<br><br>Исходите на образовниот процес се опишани во дескрипторите на квалификациите за завршена студиска програма на втор/трет циклус<br>Во периодот 2020-2023 година на ИМЛ магистрирале 11 и докторирале 9 студенти. | |

**Прилог СТАНДАРД 2: Креирање, одобрување и следење на студиските програми**
**Прилог 2.2.** Листа на дипломирани студенти - одбранети магистерски/докторски трудови

| | |
|---|---|
| 2.3. Студиските програми одговараат на развојните потреби на општеството и економијата. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки. |

Студиските програми на вториот и третиот циклус ги оспособуваат кадрите за научна работа преку имплементирање на актуелните научни достигнувања од областите на културолошките студии и книжевноста. Тоа значи дека ги применуваме современите поимања и толкувања на културата во правец на мултидисциплинарно поврзување на одделните области – книжевност, филм, театар, музика, комуникација, етика, екокритика, книжевно и културно наследство и поттикнување на интеркултурниот дијалог.
За развојот на општеството придонесува подготвеноста на наставно-научниот кадар да анализира идеи и концепти од различни хуманистички и општествени дисциплини и да ги репродуцира современите теоретски толкувања на културата (науката за литературата, културната историја, лингвистиката, социологијата, културната антропологија, теоријата на уметноста и сл.) и секако за овој систем на учење да ги мотивира студентите на вториот и третиот циклус.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.4. Студиските програми се изработуваат/ревидираат во соработка со студентите и другите релевантни носители на интереси (деловна заедница, државни органи и други организации). Прибраните информации се анализираат, а програмата се прилагодува со цел да се избегне нејзино застарување. Процесот создава ефикасна средина за учење и поддршка на студентите. | Конкретни примери и резултати за соработка со студентите и другите носители на интереси, најдобри практики;<br>Релевантни извештаи или препораки;<br>Записници од одржани средби со студентите и другите учесници во процесот во функција на измена на студиските програми; |

Студиските програми се изработуваат и се менуваат во зависност од правната регулатива и развојните потреби на научната заедница.
При повторната акредитација на студиските програми се следи интересот на запишаните студенти од претходните години и со стекнатото искуство од досегашното изведување на наставата се врши надоградување на постојните студиски програми преку проширување на постојните предметни програми со нови содржини и воведување нови предмети.
Во Одборот за соработка и доверба со јавност при ИМЛ, покрај претставниците на институцијата, членуваат претставник на Министерството за образование и наука, претставник на Друштвото на писателите на Македонија и претставник на студентите. Овој Одбор дава мислење за студиските програми кои се предмет на акредитација.

**Прилози**
- Прилог СТАНДАРД 2: Креирање, одобрување и следење на студиските програми (Табела 2.4.А. и 2.4.Б)
- Прилог 2.4.А. Мислење од Одборот за студиската програма Културолошки студии (трет циклус)

| | |
|---|---|
| 2.5. Студиските програми користат надворешна експертиза и референци. Програмата е усогласена со најдобрите странски практики и искуства. | Предметни програми (силабуси) за сите студиски програми (со прикажана основна и дополнителна литература);<br>Листа на надворешни/странски наставници или експерти кои се вклучени во студиските програми во последните пет години.<br>Конкретни примери на усогласеност на студиските програми со најдобрите странски практики и искуства. |

Во основната и дополнителната литература за предметните програми на вториот и третиот циклус се застапени референци од домашни и странски автори, коишто се експерти за конкретната научна област.

Предметите се претставени на веб-страницата на ИМЛ.

Во периодот 2020-2023 година се остварени студиски престои на следниве професори од странство:

**2022**

- проф. д-р Мартин Хетенеј од Институтот за истражување на културното наследство на Кирил и Методиј при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра, Р Словачка оствари студиски престој во рамките на Еразмус+ програмата за размена на наставен кадар, во периодот од 14 до 20 јули 2022 година.
- проф. д-р Гражина Шват-Гилибова (Grażyna Szwat-Gyłybowa) од Институтот за славистика при Полската академија на науките во Варшава, Полска оствари студиски престој во ИМЛ во периодот 12 – 16 септември 2022 и консултираше релевантна литература – наши и други изданија од областа на народната книжевност.

**2023**

- Проф. д-р Иштван Лукач од Универзитетот ЕЛТЕ во Будимпешта, Унгарија гостуваше во ИМЛ и на 16 октомври 2023 одржа предавање на тема: Нови алтернативи во решавањето на старите книжевнонаучни проблеми – теорија на мрежата (Н. Зрински и П. Зрински – М. Крлежа и Е. Ади) / Nove alternative u rješavanju starih književnoznanstvenih problema – teorija mreže (N. Zrinski i P. Zrinski – M. Krleža i E. Ady).

Ова гостување на проф. Лукач произлезе од соработката помеѓу Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Институтот за славистика и балтичка филологија и Докторската школа за литература – програма за словенски литератури на Факултетот за хуманистички науки при Универзитетот „Етвеш Лоранд“ во Будимпешта. Предавањето се оствари во рамките на Еразмус+ програмата за мобилност на наставен кадар и билатералниот договор помеѓу двата универзитети. Гостување проф. Лукач, ЕЛТЕ Будимпешта

Студиските програми на вториот и третиот циклус се усогласени со студиските програми за културолошки студии на универзитетите во странство: **Нитра (Словачка)**, **Загреб (Хрватска)**, **Љубљана (Словенија)**.

За следење на студиските програми со културолошка профилација во странство е остварен студиски престој на Филозофскиот факултет во Љубљана, Словенија и потоа следеше потпишување на Erasmus+ договор за периодот 2023-2029.

**Прилози**

Линкови до предметните програми, со основна и дополнителна литература:

https://iml.edu.mk/задолжителни-предмети/

https://iml.edu.mk/изборни-предмети-ii-циклус/

https://iml.edu.mk/изборни предмети-од-iii-циклус/

Линкови за странските студиски програми:

Катедра за културологија на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра (Словачка)

http://www.kkult.ff.ukf.sk/studium/doktorandske-studium/

Филозофски факултет при Универзитетот во Загреб (Хрватска)

http://www.ffzg.unizg.hr/kompk/index.php?show=page.php&idPage=159

Факултет за општествени науки при Универзитетот во Љубљана (Словенија)

https://www.fdv.uni-lj.si/studij/studij-na-fdv/doktorski-studij-3-stopnje

| | |
|---|---|
| 2.6. Студиските програми јасно го дефинираат целокупниот очекуван работен ангажман на студентот и вклучуваат добро структуирани надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии). Оптоварувањето овозможува студентот да учествува во надворешни активности за време на студиите. Практичната настава е соодветно валоризирана во оптоварувањето и нејзината реализација редовно се следи. | Приказ на очекуваното оптоварување на студентите (за сите студиски програми прикажано во број на часови (настава, часови и сл.), ЕКТС и очекувано оптоварување за совладување на предметните програми);<br>Приказ за вклучувањето на практична настава во предметните односно студиските програми;<br>Извештај за реализирана практична настава и надворешни активности (обуки, практична работа и други активности кои не се одвиваат во установата, но му овозможуваат на студентот да стекне искуства во областа на неговите студии) во последните пет години за сите студиски програми. |

Во периодот 2020-2023 продолжува практиката на вклучување на студентите во научноистражувачките проекти, во настаните и во издавачката дејност на ИМЛ:

- учество на студенти од третиот циклус студии во научноистражувачките проекти на ИМЛ;
- учество на студенти на научни собири и работилници и застапеност во зборниците на научни трудови, коишто се објавуваат како резултат на одржаните научни собири и конференции;
- објавување на најдобрите семинарски трудови во списанијата на ИМЛ, особено во списанието за компаративна книжевност и интердисциплинарни културолошки истражувања *Context / Контекст* коешто кореспондира со подрачјето на културолошките студии.
- вклучување во уредувачката работа на научните списанија на ИМЛ

Примери за студентите на **вториот циклус студии,** студиска програма Културолошки студии (во книжевноста)

- 2 студентки се промоторки на изданија на ИМЛ: Ана Јовковска, промоторка на зборникот „Културата на распродажба: Консумеризмот и комерцијализацијата на културните продукти" (20 февруари 2020) и м-р Марина Цветаноска, промоторка на книгата „Од Прличев до Конески" од Славчо Ковилоски (11 ноември 2021)
- 1 студентка учествуваше во водењето на програмата на свечената академија по повод 40-годишниот јубилеј на ИМЛ (Елена Кузманов во Куршумли-Ан, Скопје, 29 – 30 јуни 2021)
- 1 студентка учествуваше на трибина (Ивана Лазаревска, учесничка  на трибината „Македонскиот јазик во наставата: наставните програми, фондот на часови и учебниците во фокусот" (Филолошки факултет „Блаже Конески", мај 2024)

Примери за студентите на **третиот циклус студии**

- 5 студенти се вработени како соработници-истражувачи во ИМЛ;
- 5 студенти (од вработените соработници-истражувачи) учествуваат во научноистражувачки проекти и тоа:
  - 4 студенти во проектот **Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)** (2021-2023);
  - 1 студент во меѓународниот проект **Филолошки студии / Philological studies;**
  - 2 студенти во проектот **Писменото и книжевното културно наследство во Скопје и Скопско** (2021 – 2022);
  - 4 студенти во проектот **Урбаниот профил на Скопје во современата проза** (2022 – 2023);
  - 1 студентка во меѓународниот проект **Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски** (2023-2024);
  - 2 студентки во проектот **Македонска стилистика и поетика** (2024-)
- 3 студенти (од вработените соработници-истражувачи) се секретари на научните списанија на ИМЛ (м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска на списанието *Спектар*, м-р Ема Лакинска на списанието *Context / Контекст* и м-р Жарко Иванов на списанието *Philological Studies / Филолошки студии*;
- Сите студенти на третиот циклус имаат публикации во меѓународни научни списанија / зборници, најмалку два рецензирани научни трудови и тоа е еден од условите за пријавување на докторски труд. Тие се јавуваат како автори на монографски изданија: м-р Жарко Иванов – награден во 2024 со државната награда „Гоце Делчев" за неговиот ангажман во коавторски реализираниот проект (со проф. д-р Ана Мартиновска) „Тажачките песни од скопскиот земјотрес во 1963 г. (од архивските материјали на Васил Хаџиманов); м-р Марина Цветаноска: „Културолошките импликации во творештвото и активизмот на Елиф Шафак" (2023).
- Студентите од редот на вработените соработници-истражувачи, по препорака на ИМЛ, редовно се вклучувани во меѓународните научни конференции на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура. Во периодот 2020-2023 се остварени повеќе учества на студенти, со објавени трудови во зборниците од конференцијата (Прилог)
- 1 студентка учествуваше во водењето на програмата на научна конференција – м-р Марина Цветаноска, конференција „Писменото и книжевното културно наследство во Скопје и Скопско" (Скопје, 27 октомври 2021)
- 1 студентка осмисли и беше модератор на два настани во заедничка организација на амбасадата на Обединетото Кралство и ИМЛ: м-р Ана Јовковска во рамки на нејзиниот авторски проект „Книжевни рефлексии – платформа за креативен дијалог и критичко размислување", кој имаше за цел, од една страна, да ги проследи актуелните културни трендови во литературата, а од друга, од тој аспект интеркултурно да ги поврзе британската и македонската книжевност и култура. Студентката ги осмисли и модерираше дебатите „Книжевноста како браник на слободата (Цензурирана книжевност; Слобода на говор; Глас на маргинализирани)" (Скопје, 28 февруари 2023) и „Родовата нарација во британската книжевност и култура" (Скопје, 19 април 2023)

- 1 студентка е член на Извршниот одбор на Сојузот на друштвата за македонски јазик, литература и култура (м-р Марина Цветаноска)
- 1 студентка учествуваше на симпозиум во рамките на 61. Рацинови средби: м-р Ема Лакинска на симпозиумот „Од белите мугри до современите текстови на јазикот и книжевноста“ во организација на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Советот за македонски јазик и Театарот „Јордан Х.К-Џинот“ Велес (18 јуни 2024).

(Подетален преглед во прилог)

Сите студенти на третиот циклус студии имаат учествувано на бројни други меѓународни конференции.

ИМЛ со соодветни дописи ги овозможува надворешните истражувачки активности на студентите во сродните установи – МАНУ, Архивот на РС Македонија, НУБ „Св. Климент Охридски“, ГБ „Браќа Миладиновци“, други научни институти и факултети и сл., а во функција на изработка на нивните научни, семинарски, магистерски и докторски трудови.

**Прилог 2.6.А.** Преглед на надворешни активности на студентите за стекнување искуства во областа на културолошките студии

| | |
|---|---|
| 2.7. Информациите за студиската програма објавени на сајтот на установата кореспондираат со официјалните записи. Информациите се објавени и на јазикот на кој се изведува програмата. | Линк до веб страна каде се објавени наведените информации.[2] |

www.iml.edu.mk

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.8. Високообразовните установи ги следат и периодично да ги ревидираат своите студиски програми со цел истите ги постигнат поставените цели и да ги задоволат потребите на студентите и општествената заедница. Ревизијата е насочена кон континуирано подобрување на студиските програми. За активностите кои се планираат или се преземаат врз основа на ревизијата треба да се информираат сите засегнати учесници. | Извештаи за спроведена настава или информација за следењето на изведувањето на наставата;<br>Индикатори и заклучоци;<br>Приказ на ревидирани студиски програми во последните пет години со информации за природата на измената причините за спроведените промени и очекуваните резултати. |

Во периодот 2020-2023 се ревидирани сите 4 студиски програми - двете студиски програми на вториот циклус и двете студиски програми на третиот циклус – докторски студии.

Причини за спроведените промени се усогласување на ЕКТС-кредитите (30 по семестар), сообразување на предметите со актуелните европските програми и со општествено-политичките и културни промени, воведување на нови предмети во коишто се имплементираат новите истражувачки сознанија во областите опфатени со програмата, групирање на предметите во соодветни модули, дополнување на предметите со најнови одредници на основната и дополнителната литература и сл.

**Очекувани резултати** од измената на студиските програми се: поконципирани стручно профилирани модули коишто овозможуваат фокусирано и продлабочено истражување на одредена културолошка проблематика, вклученост на соработниците-истражувачи во одредени предмети (за вториот циклус) и нивна обука за натамошна самостојна работа како предавачи итн.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 2.9. Статистичките податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, оцени, број и причини за напуштање на студиите итн.) редовно се следат и системски се анализираат. | Статистички податоци (бројот на предмети кои се реализираат, бројот на студенти, просечни оцени по предмети, број и причини за напуштање на студиите итн.) по академски години за последните пет години. |

Со оглед на пандемијата Covid 19 и протоколите за работа воведени заради пандемиската ситуација, во учебните 2020/21 и 2021/22, наставниците одржуваа онлајн консултации со активните студенти на двата циклуси.

**Втор циклус на студии**

Во учебната 2020/21 на вториот циклус студии (прв и втор уписен рок) се запишал 1 студент кој не го продолжил студирањето.

Во учебната 2021/22 на вториот циклус студии (прв и втор уписен рок) се запишале 3 студенти од кои 2 студенти

2 Стручната комисија може да побара координаторот при АКВО да ги спореди објавените информации со официјалните записи во АКВО.

| |
|---|
| не го продолжиле студирањето.<br>Во учебната 2022/23 на вториот циклус студии (прв и втор уписен рок) се запишале 2 студенти.<br>Во учебната 2023/24 на вториот циклус студии (прв и втор уписен рок) се запишал 1 студент.<br>Бројот на новозапишани студенти на втор циклус студии во последните години евидентно е намален. Овој тренд е очекуван по првичниот голем интерес за студиските програми по културолошки студии како новина на македонскиот образовниот пазар, а сметаме дека тој првенствено се должи на неколку фактори, меѓу кои ги издвојуваме општата економска состојба на државата и зголемениот тренд на иселување на младите, како и зголемениот број на новоотворени универзитети, факултети и акредитирани студиски програми. Мотивирањето за упис на поголем број студенти го бараме во отворање на нови работни места како во научните институции, така и во институциите од областа на културата во кои ќе бидат валоризирани нивните дипломи и специјалности.<br>Според нашата евиденција во текот на учебната 2020/21 се реализирани неколку консултации со студентот за 5 предмети кои тој ги избра. Испитите не се положени бидејќи студентот ги напуштил студиите од непознати причини.<br>Во учебната 2021/22 активни биле 10 предмети, наставата се одвивала преку консултации. По завршувањето на консултациите, испитите ги полагал само 1 студент а другите 2 студенти не продолжиле со студиите.<br>Во учебната 2022/23 реализирани биле 10 предмети, студентите навреме ги полагале испитите.<br>Во учебната 2023/24 реализирани се 4 предмети во летниот семестар и 2 предмети остануваат за зимскиот семестар.<br>Просечните оценки на студентите се: 8,75 за 2021, 10,00 за 2022 и 10,00 за 2023 г.<br>Од учебната 2020/21 до 2023/24 магистрирале 13 кандидати.<br>Должината на просечното време за студирање на вториот циклус студии, на едногодишните студии, изнесува 3 години, од кои 1,5 година за положување на испитите и 1,5 година за изработка на магистерскиот труд. Двојно повеќе е просечното време за студирање на двегодишните магистерски студии.<br>Кај последниве генерации запишани студенти се забележува пролонгирање на обврските со:<br>- ставање на студиите во мирување;<br>- заостанати испити<br>- поминување на повеќе време од последниот испит до пријавување на магистерскиот труд.<br><br>**Трет циклус студии**<br>Институтот е акредитиран за две студиски програми на третиот циклус студии – Културолошки студии и Македонистика -македонска книжевност и култура, од кои активна е само првата програма. Во периодот од 2020 – 2023 се запишале 11 студенти. Наспроти вториот циклус, сведочиме за извесен пораст на бројот на запишани студенти на трет циклус студии на Институтот за македонска литература. Нагорната линија на интересот за докторски културолошки студии, кои се интегрирани во докторските студии на УКИМ и се реализираат од Школата за докторските студии на УКИМ се должи на атрактивноста и интердисциплинарноста на студиската програма и интересот за запишување на кандидатите од регионот (Хрватска, Србија, Црна Гора, Косово).<br>Законски определениот период за студирање на третиот циклус студии изнесува шест (6) години. Според нашата евиденција запишувањето на студентите по години е: учебна 2020/21 се запишале 3 студенти, 2021/22 се запишале 3 студенти, во 2022/23 се запишал 1 студенти во учебната 2023/24 се запишале 4 студенти.<br>Во периодот од 2020 до 2023 година со титулата доктор по културолошки студии се стекнале 10 студенти. |
| **Прилози** |

## Стандард 3

| СТАНДАРД 3: УЧЕЊЕ, НАСТАВА И ВРЕДНУВАЊЕ НАСОЧЕНО КОН СТУДЕНТОТ | |
|---|---|
| Индикатор | Документација |
| 3.1. Установата има развиен механизам кој гарантира дека програмите се изведуваат на начин со кој се мотивираат студентите даземат активно учество во креирањето на процесот на учење и дека оценувањето на студентите го отсликува овој процес. | Приказ на системот за изведување на настава на ниво на установа;<br>Акт/правила/стандарди или индикатори за квалитет во наставата;<br>Конкретни примери за активно учество на студентите во процесот на учење. |

Студентите имаат активно учество во процесот на учење на тој начин што се почитува нивниот интерес при изборот на темата за изработка на семинарски труд. При оценувањето, изработениот семинарски труд учествува со 30 бодови. Исто така се цени активноста за време на консултациите / предавањата и се вреднува со 10 бодови во формулирањето на крајната оценка. При поставувањето на прашањата на завршниот испит се очекува теоријата да се поврзе со искуственото знаење од областа на интерес. При утврдувањето на темата на магистерскиот / докторскиот труд се цени практичното искуство на студентот и тоа има клучна улога во оценувањето на подобноста на темата и на оспособеноста на студентот за продлабочување на истражувачките компетенции на конкретната тема.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.2. Установата ја почитува различноста на студентите и нивните потреби, овозможува флексибилни пристапи на учење. Се користат различни модели на реализација на настава онаму каде е тоа возможно како и мноштво на педагошки методи. | Приказ на реализацијата на наставата за секоја студиска програма одделно;<br>Опис на начините на изведување на наставата за сите студиски програми;<br>Конкретни примери за иновативни методи во изведување на наставата. |

Институтот поддржува флексибилни методи на учење и се почитува стекнатиот стручен степен (додипломското образование) во одредена област на хуманистичките / општествените науки, како и интересот на студентите.
Со оглед на малиот број на студенти, од методите на учење се застапени: менторски консултации, теоретско предавање, тимска работа, проектна задача.
За студентите на третиот циклус како мошне корисен метод на учење (утврден во структурата на студиската програма), се покажува учеството на докторски семинари и годишна конференција со јавна презентација на научен труд.
Менторските консултации, предавањата, испитите и настапите на докторските семинари и годишни конференции за странските студенти се изведуваат на англиски јазик.

Како креативни и особено значајни и продуктивни пристапи за учење и за усвојување нови знаења, кои ги практикува ИМЛ со студентите на вториот и третиот циклус студии, ги истакнуваме:

- вклучувањето во проекти;
- можноста да се публикува труд во научно списание на ИМЛ под менторство на предметен професор;
- отворената можност за учество на студентите на научните собири и конференции во организција на ИМЛ.

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.3. Установата редовно врши адаптација на начините на изведување настава. Наставата се темели на интерактивно учење и учење ориентирано кон студентот. Пристапот на учењето е фокусиран на студентот, развојот на неговите вештини и компетенции. Пристапот е интердисциплинарен, базиран на студии на случај (case study) приспособен на циклусот на студии. Студиската програма вклучува и учење базирано на проекти. | Примери на студии на случај кои се користат во наставата, реализирани проекти во наставата или други методи релевантни за студиската програма и сл.;<br>Примери/извештај за следење на наставата и постапување по слабости;<br>Примери на извршена адаптација на начините на изведување на наставата. |

Студентите на вториот и третиот циклус редовно се поканувaат да присуствуваат на предавањата на визитинг професори од странство, кои се реализираат на ИМЛ, во единиците на УКИМ, МАНУ и други сродни институции.

**Студиска програма Културолошки студии (во книжевноста) на вториот циклус – едногодишни и двегодишни студии**

**Студиска програма Културолошки студии на третиот циклус**
Во 2021 година, од редот на студентите на третиот циклус студии се вработени 6 соработници-истражувачи, од кои 2 студентки го заокружија процесот на образование со стекнување на научниот степен д-р по културолошки студии и се избрани во научното звање научен соработник. Останатите 4 студенти од вработените соработници се со започната постапка за одбрана на докторски труд.

На студиската програма Културолошки студии (во книжевноста), која е реакредитирана од учебната 2023/24, 4 студенти од вработените соработници-истражувачи се асистенти по одредени предмети.

| Студент на третиот циклус | Звање и научна област во кои е избран | Предмет |
|---|---|---|
| Жарко Иванов | асистент<br>народна книжевност<br>културолошки студии | Народна култура |
| Ана Јовковска | асистент<br>народна книжевност<br>културолошки студии | Културата и глобализацијата |
| Марина Цветаноска | асистент<br>македонска литература во 19 век<br>културолошки студии | Просветителството и културата |
| Ема Лакинска | асистент<br>теорија на литературата<br>општа и компаративна книжевност<br>културолошки студии | Културна географија<br>Културниот тренд и литературата |

На научните работилници, предвидени со структурата на студиската програма, со студентите се разработуваат одредени теми кои имаат за цел унапредување на студиските програми и нивна применливост и поголема видливост. Во периодот 2020-2023 година се анализирани темите: „Културата во време на пандемија", (Zoom платформа, 5.5.2021); „Автентичноста во современата култура" (Zoom платформа, 5.5.2022); „Практикување на интердисциплинарноста во културолошките истражувања", (ИМЛ, 6.7.2023)

ИМЛ практикува учење базирано на проекти, со што студентите се оспособуваат за научна работа и за објавување научни трудови. Во периодот 2020-2023 година, студентите се вклучени во научноистражувачки проекти.

- Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела) (2021-2023);
- Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски, со Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет, Р Турција (2023-2024)
- Урбаниот профил на Скопје во современата проза (2022 – 2023);
- Писменото и книжевното културно наследство од Скопје и Скопско (2021-2022)
- Културниот туризам во афирмација на македонското културно наследство во Скопје и Скопско (2020-2021)

Студентите што следат настава, покрај што се активно вклучени во истражувачките активности, учествуваат на меѓународни научни конференции и научни собири и објавуваат научни трудови во институтските научни списанија и зборници на научни трудови.
Студентите се упатуваат во техниките за изработка на иновативен научен труд со апликативен дел кој ги содржи резултатите од спроведените истражувања во архивите и библиотеките во земјата и странство преку запознавање со техниките за работа со оригинални материјали, архивски документи, необјавена преписка и сл., начин на нивно коментирање и извлекување на оригинални сознанија, оспособување за работа со средновековни ракописи и сл.

Во периодот 2020 – 2023 година, студентите објавија повеќе научни трудови во изданијата на ИМЛ.
Студенти на втор циклус: 3 научни трудови во списанија на ИМЛ
Студенти на трет циклус: 3 научни книги, 35 научни трудови, 5 рецензии и осврти

Прилог СТАНДАРД 3: Учење, настава и вреднување насочено кон студентот
Прилог 3.3. Преглед на објавени трудови на студентите на ИМЛ на вториот и третиот циклус студии

| | |
|---|---|
| 3.4. Сите кои учествуваат во оценувањето на студентите (наставници, соработници итн.), се запознаени со постојните методи на тестирање и испитување и добиваат поддршка во развивањето на сопствени вештини во ова поле; оценувањето вклучува различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. | Преглед на методите на оценување и испитување на студентите за секој предмет од студиската програми со приказ на различни формални алатки за оценување, лабораториски вежби, задачи, проекти итн. |

| | |
|---|---|
| Оценувањето на студентите воглавно е обврска на професорите и при тоа се применува утврдената шема за оценување. | Методи на оценување - за секој предмет |

| | |
|---|---|
| Испит | 60 бодови |
| Семинарска работа / проект (презентација: писмена и усна) | 30 бодови |
| Активност и учество | 10 бодови |

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.5. Критериумите и методите на вреднување и оценување на студентите се однапред објавени и познати. | Линк до веб страна или друг документ во кој се опишани критериумите и методите на вреднување и оценување. |

Критериуми на оценување

| | |
|---|---|
| до 50 бодови | 5 (пет) (F) |
| од 51 до 60 бодови | 6 (шест) (E) |
| од 51 до 70 бодови | 7 (седум) (D) |
| од 51 до 80 бодови | 8 (осум) (C) |
| од 51 до 90 бодови | 9 (девет) (B) |
| од 91 до 100 бодови | 10 (десет) (A) |

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.6. Оценувањето им овозможува на студентите да го демонстрираат степенот на постигнати резултати од учењето. Студентите добиваат повратни информации кои, по потреба се поврзани со совети за понатамошниот процесот на учење. Оценувањето се спроведува доследно и праведно за сите студенти, во согласност со постојните процедури. Резултатите ги исполнуваат очекуваните исходи од учењето. Начинот на оценување е прилагоден на целите на предметите. Каде што е возможно, оценувањето се спроведува од страна на повеќе испитувачи. | Просечни оцени постигнати од студентите по предмет за сите студиски програми, по академска година за последните пет години (доколку е применливо);<br>Информација за начинот за доставување на повратни информации до студенти во делот на оценувањето;<br>Конкретни примери на иновативни пристапи во оценувањето;<br>Примери на предмети каде оценувањето се спроведува од повеќе испитувачи. |

Во текот на изготвувањето на семинарскиот труд, студентите во целиот процес на истражувањето и исписот добиваат повратни информации, критички забелешки коишто им помагаат да го унапредат истражувачкиот процес, но и заокружувањето на исписот. Повратните критички забелешки се покажуваат како особено продуктивни. Студентите кои покажуваат подготвеност активно да одговорат на нив и да го унапредат своето истражување, подоцна се наградени и со повисоки оценки.
Најдобрите семинарски трудови по предлог на предметниот професор се објавуваат во научните списанија на ИМЛ. (Табела во точка **3.3.**)

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 3.7. Во установата постои формална процедура за жалба вклучувајќи и пријава на корупција од студентите на сите видови на студии. Системот е функционален и ефикасен. | Акт во кој е регулирана постапката по жалба од студентите;<br>Акти за спречување на корупцијата на установата;<br>Приказ на поднесени жалби на студенти вклучувајќи и пријави на корупција во последните пет години со процент на позитивно и негативно решени жалби;<br>Приказ на пријави на корупција во установата. |

Постапката за жалба и за спречување на корупцијата се утврдени со Статутот на УКИМ и досега нема поднесено жалби, ниту пријави на корупција.

**Прилози**

## Стандард 4

| СТАНДАРД 4: ЗАПИШУВАЊЕ И НАПРЕДУВАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ, ДИПЛОМИ И СЕРТИФИКАТИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 4.1. Високообразовната установа соодветно ги спроведува однапред утврдените и објавени прописи кои ги покриваат сите фази на студирањето, т.е. запишувањето, напредувањето за време на студиите, дипломата и сертификатите. Прописите се јавно достапни. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Линк до веб страна на објавата. |
| Институтот ги почитува сите позитивни законски прописи кои се однесуваат на студирањето и издавањето на диплома, додаток на диплома и уверение за завршена студиска програма, почнувајќи од Законот за високото образование сè до правилниците кои ја регулираат оваа материја. | Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи („Сл. весник на Република Северна Македонија” бр. 102/18),<br>стр. 80-106<br>Диплома за завршен втор циклус, стр. 85-86<br>Диплома за завршен трет циклус, стр. 87-88<br>Додаток на диплома, стр.90-92<br>Упатство за подготовка на додатокот на дипломата (Diploma Supplement), стр. 93-95<br>Уверение за положени испити од втор циклус, стр. 98<br>Уверение за положени испити од трет циклус, стр. 99<br>Линк до Правилникот<br><br>Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржина на матичната книга на запишани студенти и главна книга на дипломирани студенти („Сл. весник на Република Северна Македонија” бр. 102/18)<br>Линк до Правилникот стр. 37-79 |
| **Прилози** | |
| 4.2. Установата има развиено функционална постапка и/или алатки за собирање и следење и за напредок на студентот и делува врз основа на добиените информации. | Информација за постоење на соодветни алатки за следење на напредокот на студентот;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Сите документи кои се однесуваат на напредокот на студентите се чуваат во нивните досиеја.<br>Податоците за нивните постигнувања во рамките на установата како учества во проекти, објавени трудови, учества на научни собири и конференции, остварени студиски престои се содржани во годишните извештаи за работа и развој на ИМЛ.<br>Напредокот на студентот може да се следи и преку IKnow системот на УКИМ. | |
| **Прилози** | |
| 4.3. Високообразовната установа има развиено постапка за признавање на периодите на студирање и претходно учење, што вклучува и признавање на неформалното и формалното учење, на студентите за време на студиите, вклучувајќи и за време на мобилноста на студентите. | Акт во кој е регулирано прашањето;<br>Листа на студенти на кои им е признато неформалното и формалното учење вклучувајќи и за време на мобилноста, за последните пет години. |
| При премин од друга високобразовна установа на студиите на Институтот за македонска литература, имаме воспоставено пракса за признавање на положени предмети кои се сродни со предметите на Институтот. При мобилност на студентите, кога одреден семестар се поминува на високообразовна установа во странство се признаваат стекнатите ЕКТС кредити. | |

| | |
|---|---|
| Студентката Маја Лазарова, студентка на вториот циклус оствари студентска мобилност во рамките на CEEPUS програмата на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, студиска програма Компаративна книжевност и литературна теорија (18.2 – 18.7.2020). | |
| **Прилози** | |
| 4.4. По завршувањето на студиите, студентите добиваат документација која ја појаснува стекнатата квалификација, компетенции и резултати од учењето, степенот, содржината и статусот на успешно завршените студии. Документација е јасна, разбирлива и сеопфатна. | Диплома, уверение и додаток на диплома |
| Додатокот на дипломата за завршен втор/трет циклус е содржана во елаборатите за акредитација / реакредитација на студиските програми. | |
| **Прилози** | |

## Стандард 5

| СТАНДАРД 5: НАСТАВЕН КАДАР[3] | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 5.1. Високообразовната установа обезбедува компетентен наставен кадар за реализација на студиските програми. Квалификациите на наставниот кадар вклучен во изведувањето на студиските програми се соодветни на профилот и концептот на студиите како и на предвидените наставни предмети. | Биографии на ангажираниот наставен кадар на сите студиски програми во Europass формат (со информации за последните пет години, информации за профилот вклучувајќи завршени циклуси на студии и стекнато звање, податоци за остварена научноистражувачка работа и резултати);<br>Одлуки за избор во звање;<br>Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во изминатите пет години на сите циклуси на студии на установата (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице). |
| Наставниот кадар на ИМЛ е компетентен за изведување настава на студиските програми на вториот и третиот циклус студии. Нивните квалификациисе ценат при секој избор во повисоко научно звање, како и при секоја акредитација/реакредитација на одредена студиска програма. Притоа наставниците и соработниците приложуваат обемна документација – ажурирана биографија и библиографија, пополнети прегледи и обрасци во согласност со важечките акти и прилог на поважни научни трудови.<br><br>Одлуки за избор во научно звање https://iml.edu.mk/истражувачи/ | Линкови до биографиите на наставниците и соработниците во Europass формат – на англиската верзија на веб-страницата на ИМЛ https://iml.edu.mk/истражувачи/ |
| **Прилог Стандард 5. Наставен кадар**<br>Прилог 5.1. Преглед на предмети кои кадарот ги предавал во периодот 2020-2023 | |
| 5.2. Објавените трудови на наставниот кадар во референтни научните публикации во последните 5 години се релевантни и придонесуваат во развојот на квалитетни студии односно | Преглед на бројот на објавени трудови во референтни научни публикации (согласно чл.2 т.21 од ЗВО) на наставниот кадар во последните пет години прикажан |

3 Се однесува на лицата избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања, кои вршат високообразовна дејност.

| | |
|---|---|
| научната област. | групиран по категории предвидени во чл. 2. т. 21 (А-Ѓ) од ЗВО. За секоја категорија се презентираат резултатите по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице како и вкупниот број трудови за високообразовната установа;<br>Листа на објавени трудови во референтни научни публикации со линк до публикацијата/трудот. |
| Наставниците и соработниците имаат објавено голем број монографии и научни трудови во референтни научни списанија и зборници во рамките на научните области македонска книжевност и културолошки студии во кои се организираат студиските програми.<br>Во периодот 2020-2023 година, наставниот кадар во ИМЛ има објавено над 300 научни трудови. | |
| **Прилог Стандард 5. Наставен кадар – табела 5.2.А и 5.2 Б** | |
| 5.3. Оптоварувањето на кадарот во делот на наставата е балансирано. Наставниот кадар се ангажира согласно законските одредби. Бројот на часови на наставниот кадар на годишно ниво е соодветен за реализација на квалитетна настава. | Преглед на бројот на одржаните часови на наставниот кадар и предметите кои ги предавале на сите циклуси на студии (прикажан поединечно и по азбучен ред на презимето на вработеното/ангажираното лице за сите циклуси на студии (прв, втор и трет циклус на студии, доколку е применливо). *Се води сметка за примената за чл.161 ст. 9 и 10 од ЗВО.*[4]*;*<br>Одлуки за распоред на работи и работни задачи за сите циклуси на студии во последните пет години;<br>Извештаи за спроведена настава за сите циклуси на студии во последните пет години (доколку е применливо);<br>Доказ дека на установата има најмалку 10 лица во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време. |
| Кадарот на ИМЛ претежно остварува научноистражувачка дејност, а бројот на часови во наставата е во рамките на предвидените законски рамки. | |
| **Прилог Стандард 5. Наставен кадар – табела 5.3.** | |
| 5.4. Високообразовната установа има јасни, транспарентни и праведни процеси на вработување, преку услови за работа со кои се препознава важноста од наставната работа. Процесот се базира на академските квалификации и заслуги и нуди еднакви можности за сите кандидати. Праксата на установата кореспондира со утврдените критериуми. | Акт на установата (на пример, Правилник за избор во наставно – научни звања кој се применува или друг акт во кој е регулирана постапката и критериумите за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања);<br>Преглед на лица избрани во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања (со преглед на број на пријавени кандидати, број на избрани кандидати и број на лицата кои не се избрани за сите конкурси во последните пет години).<br>Линк до Билтен во кои се објавени рецензии за избор на наставниот кадар со број на страна. |
| Во ИМЛ доследно се почитуваат постапките за вработување и за избор во повисоко звање, утврдени со Законот за научноистражувачката дејност, Правилникот на МОН и Правилникот на ИМЛ со кој се регулирани овие постапки. За таа цел се формира Рецензентска комисија која ги оценува академските квалификации на кандидатите и дава предлог до Советот на ИМЛ за нивниот избор и засновање работен однос во ИМЛ. | Правилник за избор во повисоко научно звање („Службен весник на Р Македонија бр. 82/09), стр. 5-6<br>Правилник за постапката и поблиските критериуми за софинансирање на издавачката дејност („Службен весник на Р Македонија бр. 82/09), стр. 7-8<br>https://www.slvesnik.com.mk/Issues/D0C2973F33DC7F4DA2EB61E00EE18B57.pdf |

4 Лицето избрано во наставно-научно и наставно звање во текот на еден семестар од учебната година може да врши предавање по најмногу четири наставни предмети на прв циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети и најмногу четири наставни предмети на втор циклус на студии, на еден или на повеќе универзитети.

| Прилог Стандард 5. Наставен кадар – табела 5.4. | |
|---|---|
| 5.5. Установата има развиено постапка за обезбедување на соодветни работни услови за наставниот кадар. Кадарот располага со соодветна информатичка опрема, пристап до релевантни електронски бази од областа/студиската програма, соодветни просторни услови како и други ресурси релевантни за нивната работа. | Акт на установата или друг акт во кој е регулирано обезбедувањето на соодветни работни услови за наставниот кадар;<br>Попис на функционална информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата;<br>Попис на информатичка, лабораториска и др. вид на опрема во установата, обезбедена во последните пет години (со вредност на опремата и изворот на финансирање);<br>Преглед на релевантни електронски бази од областа/студиската програма до кои е обезбеден пристап во установата;<br>Преглед и опис на просторни услови за реализација на студиските програми. |
| Наставниот кадар на ИМЛ има соодветни работни услови и раполага со соодветна информатичка опрема за научна работа и за изведување на наставата.<br>Информациите од УКИМ и од НУБ за пристап до релевантни електронски бази редовно се проследува до наставниците и соработниците. | Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи<br>и за вршење високообразовна дејност<br>Линк до Правилникот |
| **Прилог 5.5.А** Преглед на просторни услови и опрема за реализација на студиските програми | |
| 5.6. Установата нуди можности за професионален развој на наставниот кадар и постојано да го мотивира; редовно организира обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава, за нивните педагошки и технички вештини. Установата редовно ги следи техничките вештини на наставниот кадар. | Акт на установата или друг акт во кој е регулиран професионалниот развој на наставниот кадар.<br>Листа на обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години и финансирани од установата со листа на учесници и програма;<br>Листа на обуки обуки/тренинзи за наставниот кадар во функција на развој на проактивни и иновативни методи за настава реализирани во последните пет години финансирани од други установи/институции/организации со листа на учесници и програма .<br>Конкретни примери и резултати, најдобри практики на мотивирање на наставниот кадар во последните пет години;<br>Извештај/анализа за техничките вештини на наставниот кадар (доколку е применливо). |

За професионален развој на наставниците и соработниците редовно се организираат научни собири, конференции, трибини, дебати преку кои се продлабочуваат нивните компетенции за јавен настап и за изложување на истражувачките резултати по одредена тема. Наставниците и соработниците активно учествуваат на научни симпозиуми, дебати, работилници на универзитетите во странство и гостуваат како визитинг професори во европските универзитети.

**Работилници „Дигитална настава-искуства и предизвици со учењето на далечина"**
(онлајн, 28.10. – 6.11.2020)
Целта на овие работилници е да се зголеми квалитетот на е-наставата преку размена на искуствата на наставниците и соработниците од сите единици на Универзитетот. Посебен акцент на работилниците се даде на можностите што ги нуди платформа за учење на далечина Microsoft Teams.

**Обуки за проектот *Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)***
За потребите на проектот *Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)* https://mke.iml.edu.mk/, наставниците, учесници во проектот посетија три обуки за поставување на одредниците од различни книжевни периоди за коишто се користат различни, карактеристични за периодот фонтови со специфични графеми (особено од средновековниот период и периодот на 19 век); поставување на хиперлинковите, кои од авторската одредница

| | |
|---|---|
| водат кон делото на авторот. На сајтот има околу 1000 одредници и тој во континутет ќе се надградува со фотографии и друг мултимедиски материјал. Притоа, се внимава на авторските права на авторите на материјалот.<br><br>Наставниците и соработниците се запознаени со Правилата за начинот и постапката за подобрување на видливоста и препознатливоста на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (од 2021) и упатствата за регистрирање на профил во Google Scholar, ResearchGate.net и ORCID. | |
| **Прилог Стандард 5. Наставен кадар – табела 5.6.** | |
| 5.7. Установата ангажира визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма. Нивниот профил е релевантен за студиската програма и носи додадена вредност. | Листа на визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма (тип на ангажман, област/предмет и период) за последните пет години;<br>Биографии на ангажираните визитинг наставници, афирмирани научници, уметници и стручњаци од практиката од земјата и странство во рамките на реализацијата на студиската програма на сите студиски програми (Europass формат). |
| Предавања на визитинг-професори се реализирани врз основа на договорите за заемна соработка со одредени институции. А се посетуваат и предавањата на визитинг-професори организирани од страна на УКИМ и МАНУ. Институтот нема предвидени средства односно не се финансира по оваа ставка. | |
| **Прилози** | |
| 5.8. Се поттикнува научна работа со цел да се зајакне поврзаноста меѓу наставата и науката. Системот добро функционира и е ефикасен. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики. |
| Најновите научни истражувања и сознанија се имплементираат во наставните содржини.<br>Поврзувањето на наставата и науката се постигнува преку повеќе ангажмани на професорите и студентите:<br>• Вклучување во проекти;<br>• Овозможување учество на наставниците соработниците и студентите на научни собири и конференции;<br>• Предметните професори, особено за предметите од областа на средновековната македонска литература и македонската литература во 19 век, ги насочуваат студентите на архивски истражувања;<br>• Организирање научни работилници за студентите на третиот циклус Културолошки студии на одредени теми<br>➢ „Културата во време на пандемија"<br>Zoom платформа, 5.5.2021<br>➢ „Автентичноста во современата култура"<br>Zoom платформа, 5.5.2022 г.<br>➢ „Практикување на интердисциплинарноста во културолошките истражувања"<br>Институт за македонска литература, 6.7.2023 год. | |
| **Прилози** | |
| 5.9. Високообразовната установа поттикнува иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. | Конкретни примери и резултати за воведени иновации во наставните методи и во користењето нови технологии. |
| ИМЛ овозможува презентација на наставните содржини и на студентските излагања на современ интерактивен панел. Притоа, наставните содржини се збогатуваат со проекции на мултимедијални слајдови, слајдови од старословенски ракописи и архивски снимки, проекции на документарни филмови и сл. | |
| **Прилози** | |
| 5.10. Установата има востановен систем на академски интегритет и спречување на плагијаризам. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулиран индикаторот;<br>Извештаи за спроведена проверка преку системот на плагијати за учебници, учебни помагала или научни трудови објавени од установата (извештаи за најмалку 5% од објавените публикации во последните пет години). |

| | |
|---|---|
| Институтот за ова прашање доследно ги почитува Статутот на УКИМ (чл.39) и Етичкиот кодекс на УКИМ (чл.20).<br>При уредување на научните книги, списанија и зборници на научни трудови се води посебна грижа за цитирањето и точното наведување на користената литература.<br>Менторите ги внесуваат изработените семинарски трудови и магистерски / докторски трудови во системот за проверка на плагијати на МОН, најдоцна 10 дена пред испитот, односно 30 дена пред јавната одбрана. Процентот на поклопување со други трудови во системот е содржан во одлуката за прифаќање на извештајот за оценување на трудот и закажување ден за јавната одбрана. | Статут на УКИМ<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/264_STATUT_UKIM-6.6.2019.pdf<br>Етички кодекс на УКИМ<br>https://www.ukim.edu.mk/dokumenti_m/248_Eticki_kodeks.pdf<br>Систем за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови<br>http://plagijati.mon.gov.mk/ |
| **Прилози** | |
| 5.11. Установата има политика /документ/акт за научноистражувачка работа. Индикаторите за научно-истражувачката работа се утврдени и редовно се следат. | Акт на установата за или друг акт во кој е регулирана научноистражувачката работа и/или се утврдени индикаторите за научноистражувачката работа.<br>Извештај/анализа за исполнување на индикаторите за научноистражувачката работа (доколку е применливо). |
| Научноистражувачката дејност е приоритетна за ИМЛ. Индикаторите за научноистражувачка работа се:<br>- Објавени книги (монографии);<br>- Трудови со оригинални научни резултати, објавени на еден од светските јазици во научно списание со меѓународно значење;<br>- Објавени рецензирани трудови во референтни научни списанија (индексирани во најмалку една електронска база на списанија или списанија со меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји);<br>- Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија;<br>- Зборници на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на Одборот се од најмалку три земји;<br>- Објавени трудови во научни/стручни списанија;<br>- Претходен избор во научно звање;<br>- Раководење и учества во проекти;<br>- Учества на научни собири, предавања, менторство, наставно искуство, апликативна и организациско-развојна дејност итн.<br><br>При избор во повисоко научно звање се пополнуваат два обрасци:<br>• Образец кон извештајот за избор во научно звање;<br>• Образец 1 за општите услови за избор во научно / соработничко звање и<br><br>Во Извештајот на Рецензентската комисија се дава оценка за исполнувањето на индикаторите за научноистражувачката работа на кандидатот и овој Извештај се објавува во Билтенот на УКИМ. | Закон за научноистражувачка дејност<br>https://mon.gov.mk/page/?id=2055<br><br>Правилник за избор во повисоко научно звање („Службен весник на Р Македонија бр. 82/09), стр. 5-6<br>Правилник за постапката и поблиските критериуми за софинансирање на издавачката дејност („Службен весник на Р Македонија бр. 82/09), стр. 7-8<br>Правилник за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти односно програми („Службен весник на Р Македонија бр. 82/09), стр. 9-10<br>https://www.slvesnik.com.mk/Issues/D0C2973F33DC7F4DA2EB61E00EE18B57.pdf<br><br>Правилник за финансирање на организацијата на научните конференции, научни собири и уметнички собири и учество на домашни научни истражувачи на меѓународни конференции, меѓународни научни собири, меѓународни уметнички собири и студиски престои во странство („Службен весник на Р Македонија бр. 102/18), стр. 33-35<br>https://www.slvesnik.com.mk/Issues/751f8cc071e44013865e3b3401f440a3.pdf |
| **Прилози** | |

| | |
|---|---|
| 5.12. Научноистражувачката работа кореспондира со локалните, регионалните и/или националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст. Ефектот од научноистражувачката работа на локалните, регионалните и/или националните развојни цели редовно се следи, врз основа на кој се вршат соодветни подобрувања. | Конкретни примери и резултати, најдобри практики; Релевантни извештаи или препораки |

Во научноистражувачката работа се поаѓа од стручноста во одредена научна област и се настојува сознанијата да се прошират преку интердисциплинарен пристап, којшто се промовира како потребен на ниво на Универзитетот и на меѓународен план. Се следат развојните процеси во рамките на културната сцена на локален и глобален план и соодветно се креираат научноистражувачки проекти и проекти од национален интерес во културата.

Во ИМЛ, во периодот 2020-2023 се реализирани неколку проекти во соработка со Градот Скопје, кои кореспондираат со локалните, регионалните и националните развојни цели како и социо-економскиот и културниот контекст на книжевноста и културата. Ефектот од научноистражувачката работа на овие проекти се:

- одржани научни конференции,
- објавени трудови во зборници од научните конференции,
- соработка со институции и истакнати поединци од пошироката област на културата (Сашо Цветковски, Коџобашија, МПЦ...)
- имплементирање на научните сознанија во наставата преку вградување во предметните содржини и во одредниците на основната и дополнителната литература.

**Прилози**

## Стандард 6

| СТАНДАРД 6: РЕСУРСИ ЗА УЧЕЊЕ И ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 6.1. Установата обезбедува соодветно финансирање на активностите за учење и настава и на тој начин овозможува соодветни и лесно достапни ресурси за учење и поддршка на студентите. Системот за финансирање на установата односно студиските програми е ефикасен и се базира на потребите на студентите. Установата располага со систем за финансирање на научноистражувачка дејност кој сеопфатен и ефикасен. | Финансиски план од претходните пет години<br>Финансиски извештаи од претходните пет години<br>Приказ на финансирање на научноистражувачката дејност (со наведен процент од вкупните/сопствените приходи кој се издвојува за научноистражувачка работа ) |

ИМЛ изготвува Годишен финансиски план за финансирање на научноистражувачката дејност кој ги опфаќа сите сегменти од дејноста. Овој план се доставува до МОН каде што се разгледува и се имплементира во вкупниот Буџет за наука. Буџетот се извршува според одредбите од Законот за извршување на Буџетот на РСМ, за пресметковната година. Извршувањето на буџетот е во согласност со начелата на сеопфатност, економичност, ефикасност, ефективност и транспарентност. Средствата се користат наменски, рационално, економично и ефикасно според квартални планови по програми затоа што годишниот Буџет однапред не е познат. Секој расход се заснова на веродостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.
Во доменот на финансиското работење се изработката на финансиски планови и извештаи за годишните сметки, и спроведувањето на јавни набавки за печатење на изданијата и за информатичка опрема, со што се обезбедуваат значајни ресурси за процесите на учење и за изведувањето на наставните активности.
Годишните финансиски извештаи се достапни на следниов линк https://iml.edu.mk/документи/
Сите фондови за развој на институцијата и за унапредување на кадарот, со кои располага ИМЛ, им се достапни и на студентите кои можат слободно да работат и истражуваат во електронски уредената библиотека. На располагање им стои и библиотекар.
ИМЛ издвојува средства од школарината (220 еур) за делумно покривање на еднонеделен студиски престој во странство на студентите на третиот циклус. Студискиот престој се остварува на научни и високообразовни установи и во институции од областа на културата (библиотеки, музеи, театри...).

| **Прилози** | |
|---|---|
| 6.2. Техничките ресурси на установата (библиотеки, лаборатории, простории за работа, информатичка опрема и др.) се соодветни за реализација на студиската програма. Студентите и наставниот кадар вклучувајќи ги и лицата со посебни потреби имаат пристап до сите ресурси. Установата располага со соодветна инфраструктура за учење на далечина. Техничките ресурси се предмет на редовен мониторинг во установата. | Вкупна површина (во сопственост и изнајмен простор) со површина на објектите (амфитеатри, училници, лаборатории, организациони единици, служби);<br>Попис на функционална информатичка опрема наменета исклучиво за студентите;<br>Попис на библиотечен фонд на установата како и попис на библиотечен фонд, набавен во последните пет години (се оценува релевантноста на библиотечниот фонд за секоја студиска програма);<br>Попис на информатички ресурси за учење на далечина;<br>Информација за ресурси достапни на лицата со посебни потреби;<br>Информација за мониторинг на техничките ресурси во установата. |

ИМЛ располага со сопствена библиотека со богат библиотечен фонд од над 7.000 книги, научни списанија, научна документација и 100-тина сопствени изданија.
Библиотеката на ИМЛ е богата со содржина на наслови кои се во функција на студиските програми. Самите професори се автори на научни монографии и студии кои директно се вклучени во образовниот процес и служат како примарна или секундарна литература за совладување на предметните содржини од страна на студентите.
На предлог на научноистражувачките одделенија, библиотеката редовно се збогатува со релевантна домашна и странска научна литература од научните подрачја на студиските програми.
За учење на далечина се користат веб-страниците на ИМЛ www.spektar.edu.mk, https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies, https://e-biblioteka.mk/, https://mke.iml.edu.mk/

При изведувањето на наставата се користи простор од **500 м2** во седиштето на Институтот за македонска литература – третиот кат од зградата на ул. „Григор Прличев“ бр. 5. Во рамките на овој простор има сала за предавања и јавни одбрани, помала предавална, кабинети на наставниците и библиотека. По потреба може да се користи амфитеатарот со 120 места (70 м2) на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“, кој е во истата зграда.

| **Прилози** | |
|---|---|
| 6.3. Работата на помошните/административните служби е соодветно организирана и е во функција на внатрешното обезбедување на квалитет. Службите во својата работа ги земаат предвид флексибилните начини на учење и настава како и потребите на различната студентска популација (на пример, студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби). Бројот на вработени во помошните/администра-тивните служби и нивниот профил е соодветен за бројот на студенти на сите видови на студии. Помошниот и административен кадар има можност за развој на сопствените компетенции. | Приказ на можностите кои постојат во рамките на помошните/административните служби за потребите на различната студентска популација студентите постари од 25 години, вонредните и вработените студенти, студентите од странство и студентите со посебни потреби;<br>Приказ на број на вработени и нивниот профил во помошните/административните служби;<br>Листа на вработени во помошниот и административниот кадар кои посетувале обука за развој на сопствените компетенции во изминатите пет години (со наведен период). |

ИМЛ располага со ефикасна Стручна и административна служба, која обезбедува поддршка во подготвувањето на седниците и реализацијата на одлуките и заклучоците на институтските органи и работни тела – Советот, Наставно-научниот колегиум за втор циклус студии и Советот за докторски студии. Акцентот во работењето е ставен на: комуникацијата со ресорните министерства, УКИМ, МАНУ и други институции, потоа на реализацијата на проектите, изданијата, настаните и студиите на ИМЛ. Исто така се води континуирана грижа за работата на Библиотеката и за средувањето, пописот и отписот на архивската граѓа.
Достапноста и пресретливоста кон студентите и професорите е основен принцип во работењето на Службата.
Соработниците во Службата редовно посетуваат советувања и обуки од областа на нормативното, финансиското и канцелариското работење.

| | |
|---|---|
| Прилог Стандард 6 – Обуки на административниот кадар | |
| 6.4. Установата го поттикнува вклучувањето на студентите во научноистражувачки проекти на сите циклуси на студии. | Листа на студенти кои биле ангажирани во научноистражувачки проект на сите циклуси на студии во изминатите пет години (со назив на проектот, имплементатор на проектот, информација за финансирање и линк до резултатите од проектот);<br>Процент на студенти вклучени во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти по циклуси на студии. |
| ИМЛ практикува вклучување на студентите од вториот и третиот циклус во научноистражувачки проекти.<br>Во перидот 2020 – 2023, повеќе студенти од третиот циклус Културолошки студии се вклучувани во проектите на ИМЛ:<br>▪ 4 студенти на третиот циклус студии учествуваат во проектот **Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)** (2021-2023) (м-р Жарко Иванов, м-р Ема Лакинска, м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска и м-р Марина Цветаноска)<br>▪ 1 студент на третиот циклус студии учествува во меѓународниот проект **Филолошки студии / Philological studies** (м-р Жарко Иванов, соработник и член на Редакциски колегиум од Македонија)<br>▪ 2 студенти на третиот циклус студии учествуваа во проектот **Писменото и книжевното културно наследство во Скопје и Скопско** (2021 – 2022) (м-р Жарко Иванов, м-р Славица Петровска-Ѓорѓевска)<br>▪ 4 студенти на третиот циклус студии учествуваа во проектот **Урбаниот профил на Скопје во современата проза** (2022 – 2023) (м-р Марина Цветаноска, м-р Жарко Иванов, м-р Ана Јовковска и м-р Ема Лакинска)<br>▪ 1 студентка на третиот циклус студии учествува во меѓународниот проект **Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски** (2023-2024) (м-р Марина Цветаноска)<br>▪ 2 студентки на третиот циклус студии учествуваат во проектот **Македонска стилистика и поетика** (2024-) (м-р Марина Цветаноска за периодот на XIX век и м-р Ема Лакинска за периодот 1970-1990)<br>Заради намалениот број на запишани студенти на вториот циклус студии, ИМЛ во овој период на анализа нема вклучено студенти од вториот циклус во научноистражувачки проекти.<br>Процентот на вклучени студенти во научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број на студенти е мошне солиден кај третиот циклус студии. Во следниот период ИМЛ ќе се залага за запишување и за вклучување во проекти и на студентите од вториот циклус студии. | Листа на учесници во проектот *Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)* https://mke.iml.edu.mk/Page/Index/impresum<br><br>Уредништво на *Филолошки студии / Philological studies* https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies/about/editorialTeam<br><br>Објавени трудови на студентите, вклучени во проектот *Писменото и книжевното културно наследство во Скопје и Скопско* Линк до Зборникот<br><br>Објавени трудови на студентите, вклучени во проектот *Урбаниот профил на Скопје во современата проза* Линк до Зборникот |
| Прилог Стандард 6, Табела 6.4. Листа на студенти вклучени во проекти | |
| 6.5. Студентите имаат на располагање специфични форми на поддршка вклучувајќи: советник за академски развој кој го следи нивниот развој, дава поддршка за планирање на кариерата и други академски предизвици и/или функционален Центар за кариера, менторски сесии, психолошка поддршка и др. | Приказ на специфични форми на поддршка на студентите во установата;<br>Број на студенти кои користеле специфични форми на поддршка во последните пет години;<br>Приказ на услуги на Центар за кариера и спроведени активности во последните пет години;<br>Број на студенти кои следеле обука/тренинг/пракса или друг вид на поддршка преку Центарот за кариера во последните пет години. |

| | |
|---|---|
| Центарот на кариера е формиран во 2024 година. Една од првите активности на Центарот е оформување на Регистар на членови на Алумни заедницата на ИМЛ.<br>Досегашната поддршка во оваа смисла студентите ја имале и имаат од страна на нивните професори. Притоа, голем дел од студентите се веќе вработени и имаат своја кариера, а дел од нив (досега **8** од отворањето на студиите) се вработени во ИМЛ – 2 студенти во 2013 и 6 студенти во 2021 година.<br>Од вработувањето наваму, 4 од вработените студенти, ги одбранија своите докторски трудови и во согласност со Законот за научноистражувачката дејност се избирани во повисоки научни звања. Моменталната кадровска состојба на вработените студенти е 2 виши научни соработници, 2 научни соработници и 4 соработници-истражувачи со пријавен докторски труд. | |
| **Прилози** | |
| 6.6. Установата има функционален систем за следење на членовите на Алумни заедницата. Алумни заедницата е вклучена во развојните планови на установата. Установата организира редовни настани и/или иницијативи преку кои се одржува контактот со завршените студенти. | Приказ на системот за следење на Алумни заедницата (доколку е применливо);<br>Број на членови на Алумни заедницата регистрирани во системот (доколку е применливо);<br>Приказ на активности со Алумни заедницата во последните пет години;<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Институтот има евиденција на членови на Алумни заедницата. Во Алумни заедницата имаме поголем број активни членови од редот на запишаните и дипломираните студенти на вториот и третиот циклус студии, а кои работат во институции поврзани со образованието, културата, потоа новинари, професионалци од областа на драмските уметности итн.<br>За сите настани во организација на ИМЛ се запознаваат членовите на Алумни заедницата. | |
| **Прилози** | |
| 6.7. Студентите активно учествуваат во управувањето на установата. Во рамките на установата функционира студентско собрание и студентски правобранител односно негов заменик. Установата ги поддржува општествените, културните и спортските активности на студентите. Таа им овозможува простории, поддршка како и годишен буџет. | Акт во кој е регулирано прашањето за учеството на студентите во управувањето;<br>Приказ на учеството на студентите во органите на високообразовната установа (со релевантни показатели);<br>Одлука за избор на членови на Студентско собрание и извештај од последните спроведени избори;<br>Одлука за избор на студентски правобранител односно негов заменик;<br>Приказ на поддржани општествени, културни и спортски активности на студенти од страна на установата (наведен со назив на активност, временски период, буџет) за последните пет години. |
| Во претходните години, кога броевме повеќе запишани студенти во една учебна година, претставник од студентите имаше во Наставно-научниот колегиум за вториот циклус студии на ИМЛ. | |
| **Прилози** | |
| 6.8. Студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. | Приказ за начинот на кој студентите се запознаваат со услугите и можностите кои има стојат на располагање;<br>Промотивни материјали, публикации или линк до објави на веб страна. |
| Студентите редовно се известуваат за сите можности кои се поврзани со студирањето и напредувањето во рамките на Институтот.<br>Преку веб-страницата на ИМЛ, студентите се запознаени со услугите и можностите кои им стојат на располагање. На веб-страницата https://iml.edu.mk/ има посебен дел со информации за вториот и трет циклус студии (водич на студии, содржина на задолжителните и изборните предмети, упатство за пишување на магистерски труд и докторска дисертација, список со одбранети магистерски и докторски трудови, документи за пополнување). Исто | |

| |
|---|
| така ИМЛ е активен на социјалната мрежа Facebook со страницата **Културолошки студии, ИМЛ, УКИМ**, на која може да се прочитаат активностите и настаните кои се организираат, информации за одбранети докторски дисертации и магистерски трудови. За заинтересираните студенти за запишување на вториот или третиот циклуси студии достапен е и печатен промотивен материјал - водичи низ студиите.<br>Линк информации за студенти<br>фејсбук-профилот Културолошки студии, https://www.facebook.com/kulturoloski.studii |
| **Прилози** |

## Стандард 7

| СТАНДАРД 7: УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 7.1. Високообразовната установа редовно прибира, анализира и користи информации кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности. Преку ефикасен процес на собирање и анализа на податоци за студиските програми и другите активности, податоците се внесуваат во внатрешниот систем за обезбедување квалитет. | Опис и приказ на системот за прибирање и обработка на информации<br>Акт за регулирање (доколку е применливо)<br>Доказ дека системот е функционален. |
| Информациите кои се важни за успешно спроведување на студиските програми и другите активности се собираат и се објавуваат во повеќе документи: годишните извештаи за работа и развој на ИМЛ, статистичките годишни извештаи за истражување и развој и за високото образование (образец ИР3), извештаите од спроведениот процес на самоевалуација за определен тригодишен период, различни извештаи по барање на Министерството за образование и наука, Државниот завод за статистика, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и други институции. Сумираните податоци и резултати, особено во годишните извештаи на ИМЛ и извештаите од самоевалуација, редовно се дискутираат и се анализираат на седниците на Комисијата за самоевалуација, Наставно-научниот колегиум, Советот за докторски студии и Советот на ИМЛ и се предлагаат корективни мерки. Со новиот Правилник за обезбедување на квалитет на УКИМ од 2024 година, оваа улога ќе ја има и новоформираниот Совет за квалитет при ИМЛ. | |
| Прилог 7. СТАНДАРД Управување со информации | |
| 7.2. Информациите кои се прибираат се релевантни за профилот на установата односно студиските програми и ги вклучуваат: клучните показатели на успехот; профилот на студентската популација; напредокот на студентите, успехот и стапката на отпишување на студентите; степен на исполнетост на очекувањата од студиските програми од страна на студентите; ресурсите за учење и поддршката кои се достапни на студентите, податоците за вработување на дипломираните студенти и нивните кариери итн.<br>Студентите и вработените се вклучени во процесите на обезбедување и анализа на податоците како и во планирањето на активностите кои произлегуваат од нив. | Приказ на податоци кои се прибираат и начинот на анализа од прибраните податоци;<br>Конкретни примери на вклучување на студентите и вработени во процесот;<br>Конкретни примери на ползување на информациите обезбедени во процесот. |
| На годишно ниво, од одделенијата се прибираат податоци за научните и за образовните активности и остварувања и тие стануваат составен дел на Годишниот извештај за работа и развој на установата. Исто така, вработените во Стручната и административна служба доставуваат периодични и годишни прегледи за: работата на органите и | |

| |
|---|
| телата на ИМЛ; издавачката дејност и реализираните настани и активности, соработката со сродни институции во земјата и странство, финансиското работење; постигнувањата на студентите, активните студенти и студентите кои ги ставиле студиите во мирување или направиле прекин на студирањето; за реализираните обврски на наставниот кадар; за начинот на реализација на студиските програми и изборот на предмети; за кариерниот развој на дипломираните студенти; за набавената опрема и научна литература итн.<br>Од студентите се бара да ја приложат потребната валидна документација за запишувањето, студирањето и дипломирањето и да го пополнат анкетниот прашалник за секој положен предмет поединечно, со цел да се постигне повисок квалитет во наставата.<br>Анализата на прибраните податоци за сите дејности на ИМЛ (научна, наставна, издавачка, меѓународна, стручно-апликативна и организациско-развојна) овозможува да се креираат правците на понатамошниот развој. |
| **Прилози** |

| | |
|---|---|
| 7.3. Установата води регистар на значајни настани, активности и процеси. Податоците се собираат, анализираат и се користат за потребите на стратешкиот менаџмент на установата. | Информација за значајни настани, активности и процеси. |

ИМЛ води евиденција за сите значајни настани и активности. Деталните податоци (време и место на одржување, организатори, теми, учесници и сл.) се содржани во годишните извештаи за работа и развој на ИМЛ. Анализата на овие податоци е клучна за стратешки развој на установата.
ИМЛ води особена грижа за одбележувањето на јубилејни годишнини на значајни настани и истакнати личности и од Собранието на РС Македонија, често пати е определуван за носител на одбележувањата, самостојно или во соработка со сродни институции. Одбележувањата се остваруваат преку тематски научни собири и конференции од кои како резултат произлегуваат бројни објавени зборници и објавени научни трудови во рубриката *Поводи* на научното списание *Спектар*.

- Илјадагодишната светост на Бигорскиот манастир „Свети Јован Крстител“ во *Спектар* 76/2020 https://spektar.edu.mk/sp/portfolio-posts/спектар-76-2020-2/
- 100 години од раѓањето на Коле Чашуле (1921-2021) во *Спектар* 77/2021 https://spektar.edu.mk/sp/portfolio-posts/спектар-77-2021/
- 100 години од раѓањето на Блаже Конески во Тематски број *Спектар* 79/2022 https://spektar.edu.mk/sp/portfolio-posts/спектар-78-2021/
- 160 години од смртта на браќата Миладиновци; 140 години од смртта на Јордан Хаџи Константинов Џинот и 250 години од раѓањето на Кирил Пејчиновиќ во *Спектар* 81/2023 https://spektar.edu.mk/sp/portfolio-posts/спектар-79-2022/
- 110 години од раѓањето на проф. д-р Кирил Пенушлиски и 50 години од објавувањето на целокупниот опус на Марко Цепенков во 10 тома и 80 години од смртта на Кочо Рацин во *Спектар* 77/2021 https://spektar.edu.mk/sp/portfolio-posts/спектар-81-2023/

Сите одржани научни собири се објавени овде https://iml.edu.mk/собири/

Веб-страницата на ИМЛ https://e-biblioteka.mk/библиотека-зборници/ е целосно посветена на зборниците на научни трудови и овозможува достапност на научните трудови во електронска форма.
Информациите за настаните и активностите на ИМЛ сукцесивно се објавуваат на институтската веб-страница https://iml.edu.mk/

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 7.4. Безбедноста на информациите (во печатена и електронска форма) особено на информациите поврзани со податоците на студентите, резултатите од испитите, дискусијата на дигиталните платформи итн. е заштитена. Установата соодветно ги штити личните податоци на сите засегнати страни. | Акт на установата;<br>Опис на практиката за заштита на личните податоци;<br>Други релевантни документи или политики на установата. |

Постапувањето со информациите и податоците за студентите (во печатена и електронска форма) е во согласност со Законот за заштита на личните податоци. Пријавите од испитите и другата документација, поврзана со

| |
|---|
| запишувањето и студирањето, се внесуваат во студентски досиеја, кои се чуваат во соодветни шкафови и со нив ракуваат овластени лица од ИМЛ. |
| **Прилози** |

## Стандард 8

| СТАНДАРД 8: ИНФОРМИРАЊЕ НА ЈАВНОСТА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 8.1. Високообразовната установа редовно објавува податоци за своите активности и за студиските програми. Информациите објавени на веб страната и другите медиуми (печатени, социјални медиуми) на установата се точни, јасни, прецизни, објективни, ажурирани и лесно достапни. Установата редовно учествува или организира саеми на кои ги презентира своите активности и студиски програми. Информациите кои се однесуваат на активностите на високообразовните установи се корисни за потенцијалните и за тековните студенти, како и за поранешните студенти, други лица и јавноста. | Линк до објави или достава на печатени материјали преку кои се објавуваат активности на установата;<br>Извештај за спроведени активности, прес клипинг или друг релевантен приказ за присуството во медиумите;<br>Извештај за учество или организација на саем/и;<br>Други релевантни материјали или конкретни примери. |
| Дејноста на ИМЛ е од јавен интерес и оттука се настојува информациите за сите настани (собири, конференции, трибини, промоции) и за сите активности да бидат достапни за јавноста.<br>Соопштенија за настаните – пред и по нивното одржување, редовно се објавуваат во печатените и електронските весници и портали.<br><br>Сите информации ИМЛ ги објавува на институтската веб-страница https://iml.edu.mk/, како и на фејсбук-профилот Културолошки студии, ИМЛ, УКИМ, https://www.facebook.com/kulturoloski.studii<br><br>Снимки од настаните се поставуваат на YouTube каналот на ИМЛ<br>https://www.youtube.com/watch?v=fSU3t1H4SR0&t=2184s<br><br>ИМЛ има креирано мејлинг листа на студенти (кои студираат или се дипломирани на вториот и третиот циклус) и редовно ги известува за сите значајни настани. | |
| Прилог 8 СТАНДАРД Информирање на јавноста | |
| 8.2. Високообразовната установа има објавено податоци за своите активности, вклучително и информации за студиските програми кои ги реализираат, критериумите за упис, предвидените цели од учењето, квалификациите со кои студентот се стекнува како резултат на учењето, постапките кои се применуваат во наставата, учењето и оценувањето, стапките на проодност и условите за учење кои им се на располагање на студентите, информациите за потенцијално вработување на дипломираните студенти како и документите предвидени во член 21 став 3 од Законот за високо образование. | Линк до наведените елементи во индикатори;<br>Линкови до документите предвидени во член 21 став 3 од ЗВО: Статутот на единицата (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи; 2. Решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно; 3. Актот за систематизација; 4. Деловникот за работа на наставно-научниот, односно научниот совет; 5. Правилникот за плати и надоместоци на единицата; 6. Извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавен во Билтенот, 7. Распоредот на работни задачи за тековната учебна година, 8. Завршна сметка, 9. Годишен извештај, 10. Прифатени теми за изработка на магистерски трудови; 11. |

| | |
|---|---|
| | Прифатени теми за изработка на докторски трудови; 12. Акти кои ги носи единицата согласно други закони и 13. Етичкиот кодекс. |
| На веб-страницата на ИМЛ се објавени податоци и информации за студирањето на втор/трет циклус:<br>- Конкурс и услови за пријавување;<br>- Информации за прием и запишување;<br>- Информации за студирањето;<br>- Наставни предмети со цели, содржина и литература;<br>- Општи и специфични дескриптори.<br><br>На веб-страницата се објавени и следниве документи:<br>- Статут;<br>- Елаборати;<br>- Решенија за акредитација и за почеток со работа;<br>- Водичи за студирање на вториот и третиот циклус;<br>- Упатство за подготовка на магистерски / докторски труд;<br>- Обрасци на барања за преземање од страна на студентите;<br>- Контакт-адреси на професорите и соработниците итн. | https://iml.edu.mk/документи/<br><br>https://iml.edu.mk/одбранети-магистерски-трудови/<br><br>https://iml.edu.mk/одбранети-докторски-дисертации/ |
| **Прилози** | |
| 8.3. Клучните исходи од учењето и од научноистражувачката работа се објавуваат на веб страната на установата. На пример, пред одбрана на докторската дисертација, истата задолжително се објавува на веб страната на високообразовната установа на која се изведува третиот циклус на студии (доколку е применливо). | Линк до релевантни објави на веб страната на установата поврзани со исходите од учењето или научноистражувачката работа;<br>Линк до објавени докторски дисертации и други релевантни исходи од учењето (доколку е променливо). |
| Извештајот на Комисијата за оцена и за одбрана на магистерски / докторски труд се објавува во електронскиот Билтен на УКИМ. Соопштението (за кандидатот, темата на трудот, денот и местото на одбраната) се објавува на огласна табла во ИМЛ и во дневен весник.<br>По завршување на одбраната, известување за одбранетиот магистерски / докторски труд обврзно се објавува на ФБ-профилот Културолошки студии, ИМЛ, УКИМ, https://www.facebook.com/kulturoloski.studii<br><br>Примерок од одбранетиот труд се чува во Библиотеката на ИМЛ и задолжителен примерок се доставува во НУБ „Св. Климент Охридски“.<br><br>Во согласност со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии - докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 530 од 31 декември 2020), менторот потпишува Изјава дека приложениот труд е финалниот и истиот може да биде објавен во Збирката дисертации од докторската школа на Репозиториумот на трудови на УКИМ. | https://iml.edu.mk/важни-информации-за-студентите/ |
| **Прилози** | |

## Стандард 9

| СТАНДАРД 9: МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ИНТЕРНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА | |
|---|---|
| **Индикатор** | **Документација** |
| 9.1. Студентите активно ги користат можностите за мобилност на студентите. Мобилноста е соодветно вреднувана и признаена. | Број и листа на студенти кои користеле мобилност прикажани по студиски програми во последните пет години за сите циклуси на студии (со приказ на период на мобилност, институција – домаќин, студиска програма) вклучувајќи мобилност преку програмата Еразмус+;<br>Процент на студенти кои користеле мобилност како дел од вкупниот број на студенти (за последните пет академски години, за сите циклуси на студии);<br>Информација за практиката на соодветно вреднување и признавање на мобилноста на студентите (акт/и или конкретни примери). |

ИМЛ доследно ја спроведува практиката за обврзно испраќање на докторандите на еднонеделен студиски престој во странство, во текот на третиот/четвртиот семестар. Посетата на странска високообразовна установа и истражувањето во странски библиотеки и институции од културата се ценат како мошне корисни за успешна изработка на докторскиот труд.

**Реализирани студиски престои во странство во периодот 2020-2023**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1. | Маја Лазарова, втор циклус | во рамките на CEEPUS програмата на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Р Словенија | 18.2 – 18.7.2020 |
| 2. | Маријана Јанческа | Факултетот за драмски уметности при Универзитетот во Белград, Р Србија | 31.5. – 4.6.2021 |
| 3. | М-р Марина Цветаноска, трет циклус | Факултетот за литература на Истанбулскиот универзитет, Библиотеката „Ататурк“ – Истанбул, Р Турција | 7 – 17.7.2021 |
| 4. | М-р Славица Петровска-Ѓорѓевска | Универзитет во Ниш, Р Србија<br>Филозофски факултет, Универзитетска библиотека „Никола Тесла“, Народна библиотека „Стеван Сремац“, Историски архив | 4 – 8.10.2021 |
| 5. | м-р Крсте Господиновски | Светскиот фестивал на анимираниот филм– АНИМАФЕСТ во Загреб, Р Хрватска | 2 – 8.11.2021 |
| 6. | м-р Наташа Сарафова | Универзитетот во Ас (Ås), Норвешка | 12 – 19.3.2022 |
| 7. | м-р Игор Поп-Трајков | Inter-University Centre Dubrovnik (IUC) / Интеруниверзитетскиот центар во Дубровник, Р Хрватска, научно истражување во рамките на програмата *Divided Societies / Поделени општества*, XX интердисциплинарна работилница. | 7 – 16.5.2022 |
| 8. | м-р Ема Лакинска | Оддел за славистички студии и компаративна книжевност на Универзитетот во Вашингтон во Сиетл, Вашингтон, САД | 14 – 21.6.2022 |
| 9. | м-р Зоран Пејковски | Архивот на Народниот театар во Ниш, Србија | 4 – 11.9.2023 |

Конкретен пример за мобилноста на студентите е остварениот студиски престој на Маја Лазарова, студентка на вториот циклус Културолошки студии (во книжевноста) преку CEEPUS програмата, во текот на еден семестар на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана (Словенија), на студиската програма Компаративна книжевност и литературна теорија, при што и се признати положените предмети (прилог Одлука).

Прилог. Стандард 9 Меѓународна соработка и интернационализација

| | |
|---|---|
| 9.2. Установата има развиено политика за меѓународна соработка и интернационализација. Таа има утврдено индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и | Акт/политика за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Индикатори за исполнување на приоритетите на меѓународната соработка и интернационализација;<br>Извештај од следење на индикаторите за исполнување на приоритетите на |

| | |
|---|---|
| интернационализација. Овие индикатори редовно се следат.<br>Определено е посебно тело надлежно за меѓународната соработка и интернационализација во рамките на установата. | меѓународната соработка;<br>Акт за формирање на посебно тело надлежно за меѓународна соработка и интернационализација;<br>Записници од одржани седници или друг документ кој покажува дека телото е функционално (годишен план, извештај од спроведени активности итн). |

Меѓународната соработка е особено значаен сегмент од дејностите на ИМЛ. Се следат индикаторите за исполнување на следниве приоритети:

- Склучени билатерални и Еразмус+ договори;
- Реализирани меѓународни проекти;
- Реализирани меѓународни научни конференции во соработка со странскиот партнер;
- Објавени зборници од одржаните конференции;
- Остварена мобилност на наставниот кадар од ИМЛ на странската високообразовна установа;
- Гостување на визитинг професори од странство;

Бројни билатерални проекти во кои била вклучувана и пошироката УКИМ-академска заедница (со Хрватска и Словачка), 20-годишна меѓународна соработка на славистичките центри преку проектот-списание *Филолошки студии*, билатерални проекти со Србија, Турција, Унгарија, Словачка и Словенија. Во периодот 2020-2023 се реализирани 8 меѓународни проекти:

- **Филолошки студии / Philological studies**
  **Носители:** Филолошки факултет при Пермскиот државен универзитет (Русија), Факултет за уметности при Универзитетот во Љубљана (Словенија), Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Македонија), Филозофски факултет при Универзитет во Загреб (Хрватска) и Институт за книжевност и уметност во Белград (Србија).

- **Ethical and Axiological Aspects in the Literature and Culture of the 20th and 21st Century** / Етичките и аксиолошките аспекти во литературата и културата на 20. и 21. век/**Eticko-axiologické kontexty v literatúre 20. a 21. storočia**
  **Ethical Problems in Literature in 20 – 21. Century** (2019 – 2020)
  Носители: Институтот за македонска литература во Скопје и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Трнава, Словачка

- **Македонскиот и српскиот роман на преминот на новиот милениум -споредбени аспекти** (2019 – 2020)
  Носители: Институтот за македонска литература во Скопје и Институтот за книжевност и уметност во Белград

- **Урбани културни идентитети – Скопје и Истанбул** (2019 – 2020)
  Носители: Институтот за македонска литература во Скопје и Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет

- **Стилистика на словенските земји на преминот на двата века (XX-XXI)**, **(Македонска книжевна стилистика и поетика во периодот од 1970-2020 година)** (2021-2022)
  Носител: Меѓународен славистички комитет

- **Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски** (2023) Носител: Институт за македонска литература. Проектот е реализиран со одржување на работилницата на Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет, Р Турција во периодот 6 и 7 ноември 2023.

- **Европската рута на св. Кирил и Методиј** (декември 2023 – ) ИМЛ стана член на асоцијацијата *Европската рута на св. Кирил и Методиј* при Советот на Европа, во која членуваат и други сродни институции од Чешка, Словачка, Унгарија, Бугарија, Грција, Словенија, Хрватска и Италија. Проектот овозможува меѓународно поврзување врз основа на споделено културно наследство со повеќе земји. Во 2024 година се работи на потпроектот **Европската рута на светите Кирил и Методиј во културното наследство на Скопје и Скопско** https://www.cyril-methodius.cz/

- **Македонска стилистика и поетика** (2024-)
  Носители: Универзитет во Грац, Австрија, Институт за македонска литература при УКИМ во Скопје

Како резултат на овие проекти, во периодот 2020-2023, и покрај Ковид пандемијата, се одржани три меѓународни научни конференции и се објавени списанието *Филолошки студии / Philological studies* со по два броја годишно, книга на англиски јазик, три зборници од меѓународните конференции.

Во периодот 2020 -2023 се остварени следниве гостувања на професори од странство:

**Проф. д-р Мартин Хетенеј** од Институтот за истражување на културното наследство на Кирил и Методиј при Универзитетот „Константин Филозоф“ во **Нитра**, **Р Словачка** оствари студиски престој во рамките на Еразмус+ програмата за размена на наставен кадар, во периодот од 14 до 20 јули 2022 година.

**Проф. д-р Гражина Шват-Гилибова** *(*Grażyna Szwat-Gyłybowa) од Институтот за славистика при Полската академија на науките во **Варшава**, **Полска** оствари студиски престој во ИМЛ во периодот 12 – 16 септември 2022 и консултираше релевантна литература – наши и други изданија од областа на народната книжевност.

**Проф. д-р Иштван Лукач** од Универзитетот ЕЛТЕ во **Будимпешта**, **Унгарија** гостуваше во ИМЛ и на 16 октомври 2023 одржа предавање на тема: Нови алтернативи во решавањето на старите книжевнонаучни проблеми – теорија на мрежата (Н. Зрински и П. Зрински – М. Крлежа и Е. Ади) / Nove alternative u rješavanju starih književnoznanstvenih problema – teorija mreže (N. Zrinski i P. Zrinski – M. Krleža i E. Ady).

Ова гостување на проф. Лукач произлезе од соработката помеѓу Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и Институтот за славистика и балтичка филологија и Докторската школа за литература – програма за словенски литератури на Факултетот за хуманистички науки при Универзитетот „Етвеш Лоранд“ во Будимпешта. Предавањето се оствари во рамките на Еразмус+ програмата за мобилност на наставен кадар и билатералниот договор помеѓу двата универзитети.

За развој на меѓународната соработка, значајни се и следниве активности:

Наставниците и соработниците од ИМЛ учествуваат и во други меѓународни проекти, чии носители се институции од странство или од земјата (МАНУ...)

**Студиски престои со средства на проектот** ***Македонска книжевна енциклопедија (автори и дела)***

Националниот проект ***МКЕ*** беше искористен за продлабочувањето на. соработката во регионот и пошироко. Учесниците (13) ги остварија следниве студиски престои:

М-р Славица Петровска-Ѓорѓевска оствари студиски престој во Универзитетската библиотека при Универзитетот во **Риека, Р Хрватска** во периодот 9 – 12 ноември 2022 година.

Д-р Маја Јакимовска-Тошиќ оствари студиски престој во St. Michael's Archangel Russian Orthodox parish center, во **Филаделфија, САД,** во периодот 14 – 22 ноември 2022 година. Во рамките на овој Центар се наоѓаат две извонредно значајни ракописни и книжевно-архивски збирки од областа на словенските средновековни литератури и кирилометодиевистиката.

Д-р Славчо Ковилоски и м-р Марина Цветаноска остварија студиски престој во **Истанбул и Анкара, Р Турција** од 13 до 22 ноември 2022 година, при што во Истанбул ги посетија Народната библиотека, Државната библиотека – Бејазит, Библиотеката при печатницата на весникот *Македонија* (во рамки на железната црква „Св. Стефан“) и Институтот за туркологија. Во Анкара е остварена студиска посета на Катедрата за македонски јазик и литература при Анкарскиот универзитет и во Претседателска национална библиотека. Пред студентите на Факултетот за литература при Истанбулскиот универзитет ги одржаа предавањата: (Славчо Ковилоски: Ликовите на Итар Пејо и Насредин Оџа во македонскиот фолклор и литература; Марина Цветаноска: Османлиските рефлексии во македонската култура)

Д-р Наташа Аврамовска и д-р Јасмина Мојсиева-Гушева остварија студиски престој во Институтот за книжевност и уметност во Белград, Србија и го посетија 66. Меѓународен саем на книгата во периодот 21 – 24 октомври 2023 година. Д-р Ана Мартиноска, д-р Дарин Ангеловски, м-р Жарко Иванов и м-р Ана Јовковска остварија студиски престој на Балканолошки институт при САНУ во Белград во периодот 25 - 27 октомври 2023.

Д-р Соња Стојменска-Елзесер, д-р Биљана Рајчинова и м-р Ема Лакинска остварија студиски престој на Филозофскиот факултет (Оддел за славистика, Катедра за македонски јазик и книжевност) и на Факултетот за општествени науки (Оддел за медиуми и комуникациски студии) при Универзитетот во Љубљана, Словенија во периодот 22 – 25 октомври 2023. Притоа го посетија Истражувачкиот центар за книжевна наука при Словенечката академија на науките и уметностите. Д-р Соња Стојменска-Елзесер беше поканета како визитинг професор и одржа

предавање пред студентите на вториот циклус на Факултетот за општествени науки, на тема: Contemporary Novels and Dynamics of Cultural Memory (Современите романи и динамизмот на културната меморија).

Остварени се и следниве студиски престои:

Д-р Илија Велев оствари студиски престој по покана на Матица црногорска во **Подгорица** и Факултетот за црногорски јазик и книжевност во **Цетиње**, **Црна Гора**, во периодот од 4 до 11 јуни 2022 година.

М-р Ема Лакинска оствари студиски истражувачки престој на Универзитет во **Вашингтон**, **Сиетл**, **САД**, на Одделот за словенски јазици и литератури, дел од Колеџот за науки и уметности при Унивезитетот во Вашингтон, во периодот од 14 до 28 јуни 2022 година.

***

Наставниците во перидот 2020-2023 остварија **учества на меѓународни научни конференции**. Значајни активности во доменот на меѓународната соработка се предавањата на Летната школа и редовните учества на меѓународните научни конференции на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (секоја година во текот на август-септември во Охрид).

Списанијата на ИМЛ имаат **меѓународни уредувачки одбори** и професори од ИМЛ се членови на уредувачки одбори на списанија во други земји.
Списанија редовно се внесуваат во базата CEEOL (Central and Eastern European Online Library https://www.ceeol.com/

**Прилози**

| | |
|---|---|
| 9.3. Установата има на располагање соодветни финансиски ресурси за реализација на меѓународна соработка. За потребите на меѓународната соработка установата одвојува финансиски ресурси од сопствените приходи, но и користи средства од националниот буџет, странски донатори и програми, локалната самоуправа итн. | Преглед на планирани и искористени финансиски средства за меѓународна соработка на установата во последните пет години со приказ на изворот на финансирање (буџет, сопствени приходи итн.). |

За меѓународната соработка се користат буџетски средства, доделени од Министерството за образование и наука и средства од самофинансирачките активности, во чиј сегмент се и средствата од Министерството за култура, доделени за меѓународни проекти.

Прилог. Стандард 9 Меѓународна соработка и интернационализација

| | |
|---|---|
| 9.4. Установата соработува со други институции во земјата и странство во функција на реализација на студиските програми. Реализира заеднички проекти со странски универзитети (конференции, мобилност и други соработки), а резултатите од тие проекти се релевантни за студиските програми. Установата реализира заеднички програми со странски универзитети. | Листа на договори за меѓународна соработка вклучувајќи и за програмата Еразмус+;<br>Приказ на конкретни соработки (конференции, мобилност и други соработки) со други институции во земјата и странство (приказ за последните пет години со опис на соработката и релевантноста за студиските програми);<br>Број и листа на наставен кадар кој учествувал во формите на меѓународна соработка (прикажан по години за последните пет години);<br>Информација за реализација на заеднички програми со странски универзитети. |

Меѓународната соработка со сродни установи во странство е во функција на осовременување на студиските програми. Главни форми за реализација на соработката се заедничките конференции, заеднички изданија, студиски престои на професори и студенти. ИМЛ има потпишано договори за соработка со сродни научни и високообразовни установи во странство (Хрватска, Србија, Словенија, Словачка, Турција, Бугарија, Унгарија и др.)

**Склучени договори за меѓународна соработка 2020-2023**

- Еразмус+ договор со Филозофскиот факултет при Универзитетот „Константин Филозоф“ во Нитра (Словачка) за периодот 2021 – 2027 и
- Еразмус+ договор со Филозофскиот факултет при Универзитетот во Љубљана (Словенија) за периодот 2023 – 2029
- Гостување на Професорот д-р Иштван Лукач и лекторот по македонски јазик Златко Панзов од од Универзитетот ЕЛТЕ во Будимпешта, Унгарија

https://szlav.elte.hu/content/latogatas-a-szkopjei-bolcseszkaron.t.36857
https://umno.mk/slavisti-od-ungarija-ja-posetija-makedonija/

- Меморандуми за соработка со Културно-информативен центар на РС Македонија во Истанбул, Р Турција за заеднички проекти и активности од областа на културата (ноември 2023).

**Меѓународни проекти и меѓународни конференции**

- Филолошки студии / Philological studies https://journals.ukim.mk/index.php/philologicalstudies
- Етичко-аксиолошките контексти во литературата на 20 и 21 век / Eticko-axiologické kontexty v literatúre 20. a 21. storočia / Ethical Problems in Literature in 20 – 21. Century (2019 – 2020)
- Македонскиот и српскиот роман на преминот на новиот милениум -споредбени аспекти (2019 – 2020) https://iml.edu.mk/zbornik-mk-srp/
- Урбани културни идентитети – Скопје и Истанбул (2019 – 2020) https://iml.edu.mk/urbani-kulturni-identiteti/
- Интеркултурни дијалози во контекст на македонско-турските книжевни врски (2023) - научен симпозиум (работилница), Факултет за литература при Истанбулскиот универзитет, Истанбул 6 –7 ноември 2023.
- Европската рута на св. Кирил и Методиј (декември 2023 – )
- Стилистика на словенските земји на преминот на двата века (XX-XXI), (Македонска книжевна стилистика и поетика во периодот од 1970-2020 година) (2023)

Институтот остварува интензивна соработка со Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура (МСМЈЛК) при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и учествува во организирањето и одржувањето на Летната школа и на Меѓународната научна конференција, што секоја година, во текот на август и септември, се одржуваат во Охрид. Формите на соработка се следни:

- Двајца професори од ИМЛ се членови на Советот на МСМЈЛК и активно учествуваат во сите прашања од работата на МСМЈЛК – избор на лектори во странство, програма на Летната школа, теми на Меѓународната конференција, издавачка дејност;
- професори од ИМЛ се предавачи на Летната школа за странските семинаристи;
- Координирањето на секцијата за литература и култура на Меѓународната научна конференција го споделуваме со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ во Скопје, односно секоја втора година координаторот на конференцијата е професор од ИМЛ;
- Професори од ИМЛ се членови на Уредувачките одбори на изданијата на МСМЈЛК – Зборникот на предавања, Зборникот на трудови од Меѓународната научна конференција и др.
- Професори од ИМЛ пред странските семинаристи ги претставуваат дејноста и изданијата на ИМЛ;
- Професори од ИМЛ се промотори на изданијата на МСМЈЛК итн.
- Соработка со лекторатите и со лекторите по македонски јазик во странство

М-р Винсент Вилчник од Словенија, учесничка на Летната школа на МСМЈЛК е студент на третиот циклус Културолошки студии на ИМЛ.

Наставниците и соработниците од ИМЛ, покрај во меѓународните проекти и меѓународните конференции, во кои организатор/соорганизатор е ИМЛ, учествуваат на бројни научни конференции и собири во странство и имаат остварено студиски престои, со предавања на странски универзитети. Податоци за оваа меѓународна мобилност на наставниот и соработничкиот кадар има на веб-страницата на ИМЛ https://iml.edu.mk/ (Europass биографии).

ИМЛ ги поддржува определбите на УКИМ за интердициплинарна соработка организира заеднички научни конференции со други научни и високообразовни установи во земјата, како и со други организации од областа на културата.

**Подготовки за конференции и собири во соработка со други установи и организации**

- Меѓународна научна конференција **македонците и Граѓанската војна во Грција (1946–1949): 75 години потоа** (29 март 2024) во заедничка организација на здружението „Т`га за југ“, Институтот за национална историја, Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и Институтот за македонска литература во Скопје;
- Меѓународна научна конференција **Мит и драма**: **современи толкувања**, Институтот за македонска литература во соработка со Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и Факултетот за драмски уметности при УКИМ во Скопје (29 – 30 ноември 2024)

| |
|---|
| **Прилог**<br>Листа на договори за меѓународна соработка и Еразмус+ договори https://iml.edu.mk/меѓународна-соработка/ |

| | |
|---|---|
| 9.5. Установата има востановено систем за привлекување на наставници и студенти од странство. Странски професори редовно се вклучуваат во наставата, ангажирани се како ментори или членови на комисии за оценка на магистерски и докторски трудови итн. Бројот на странски студенти се зголемува. | Листа на наставници од странство кои изведуваат настава или се вклучени во наставата (со информација за обемот на учеството во наставата, периодот и матичната високообразовна установа);<br>Листа на наставници од странство вклучени како ментори или членови на комисии за оцена/одбрана на магистерски и докторски трудови;<br>Број на запишани странски студенти по студиски програма за сите циклуси на студии во изминатите пет години. |
| Во последните години има интерес за запишување на кандидати од земјите во регионот, особено на третиот циклус Културолошки студии. Во периодот 2020-2023 имаме запишани студенти од Словенија (1) и Косово (2). | |
| **Прилози** | |

## 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

| ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ |
|---|
| Во овој дел може да се доставаат дополнителни информации релевантни за квалитетот на високото образование. Овој дел не треба да биде подолг од 3 страници. |
| |
| |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**
**Јавна научна установа**
**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА**

Број 02-125/1
9.7.2024 г.
Скопје

# Изјава

Под полна материјална и кривична одговорност јас, **проф. д-р Наташа Аврамовска**, со ЕМБГ одговорно лице – директор на научната / високообразовната установа Институт за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, изјавувам дека сите податоци прикажани во Извештајот од самоевалуација на високобразовната установа Институт за македонска литература – Скопје за периодот 2020-2023 година се точни и вистинити.

ИЗЈАВИЛА,

**Директор**

**проф. д-р Наташа Аврамовска**

(своерачен потпис)

**Григор Прличев 5, 1000 Скопје, Република Северна Македонија**
**Тел./факс +389-2-3220-309**
**www.iml.edu.mk; e-mail: maclit@iml.edu.mk**